ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - С. ДРАСЛАЈЦА

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

**за период од 2025 до 2027 година**



јуни, 2025

| Самоевалуација на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца - Струга |
| Адреса | с. Драслајца, Струга |
| Телефон, е-пошта | 075 922 480, ou-klimentohridski-draslajca-struga@schools.mk |
| Период на подготовка на СЕУ | Јуни 2025 |
| Број на ученици во училиштето | 197 |
| Број на подрачни училишта | 3 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Мирослав Размоски |
| Потпис | Мирослав Размоски |
| Датум | 30.06.2025 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Наумка Велевачковска |
| Потпис | Наумка Велевачковска |
| Датум | 30.06.2025 |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **1.1 Планирања на наставниците**<br><br>**1.2 Наставен процес**<br><br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br><br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br><br>**1.5 Воннаставни активности и натпревари** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од стручни соработници за следни планирања. | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др. |

<table>
<tr><td colspan="3">Индикатор 1.2 Наставен процес</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Теми по индикатори</td><td>Информации кои се собрани</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Годишна програма за работа на училиштето; распоред на часови; е-дневник; педагошка евиденција и документација; списоци и извештаи од реализирани обуки; записници од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; ученици, родители; дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од посети на наставни часови; решенија за инклузивен тим на училиштето; изработени ИОП програма за учениците со посебни образовни потреби; записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик; извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ),</td><td>Реализација на наставни планови и програми</td><td>Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар.</td></tr>
<tr><td>Избор на наставни предмети</td><td>Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.</td></tr>
<tr><td>Избор на задачи, активности и на ресурси</td><td>Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција; материјали од постапката за определување изборни/слободни изборни предмети и активности; планирања за изборни предмети. | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Најголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите. |

| | | |
|---|---|---|
| | Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП според препораките од МКФ. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Училиштето не поседува асистивна технологија за развој на учениците со ПОП. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, тоалетите се делумно приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно со нивните интереси. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби. Во учебната 2024/2025 година не беше доделен образовен асистен за ученичката Леона Далческа. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. Училиштата што реализираат настава на повеќе наставни јазици, најголемиот број воннаставни активности ги реализираат со јазично хетерогени групи ученици. Има примери на организирани заеднички наставни часови со ученици кои наставата ја следат на различни наставни јазици, согласно со Упатството за организација на заеднички наставни часови. |

| Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета со учениците, родителите и наставниците; разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници; разговор со стручна служба; увид во ученичките досиеја; увид во евиденцијата на стручните соработници. | Средина и атмосфера за учење | Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. |
| | | |

| Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на училиштето; распоред за додатна и дополнителна настава; списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава; правилник за оценување и напредување на учениците; интерен правилник за оценување; увид во педагошката евиденција и документација; користените инструменти за оценување; примери на оценети ученички трудови; записници од стручните активи, наставничкиот совет; анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите; инструменти за индивидуализирани начини на проверка | Училишна политика за оценување | Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Статистичкиот преглед редовно се реализира и презентира од страна на стручната служба пред наставниците на наставнички совет. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината ќе биде презентиран на крајот на учебната година |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. |

| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа; програми за воннаставни активности; извештај од реализирани екскурзии; педагошка евиденција и документација; дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари; интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручни соработници за воннаставни активности; записници од стручни активи и ученичка заедница; список на ученици вклучени во воннаставни активности; увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн. | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Поголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности. |
| | Натпревари | Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер. |

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи..

Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др. Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.

Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Најголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите. Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/вонаставни активности според ИОП програма според препораките од МКФ. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со

попреченост. Наставниците и стручните соработници се делумно обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Училиштето не располага со асистивна технологија. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, тоалетите се делумно приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно со нивните интереси. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби. ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. Училиштата што реализираат настава на повеќе наставни јазици, најголемиот број воннаставни активности ги реализираат со јазично хетерогени групи ученици. Има примери на организирани заеднички наставни часови со ученици кои наставата ја следат на различни наставни јазици, согласно со Упатството за организација на заеднички наставни часови.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците. Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.

Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.

Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба

Статистичкиот преглед редовно се реализира и презентира од страна на стручната служба пред наставниците на наставнички совет. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината ќе биде презентиран на крајот на учебната година

Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците.

Поголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности.

Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности.

Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

**Силни страни**

Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи и како резултат на тоа се подобрени планирањата кај најголем број од наставниците

Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем.

Родителите и учениците се запознати со листата на изборни предмети и активности и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците

Задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.

На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

Најголем дел од Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.

Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.

Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување.

**Слаби страни**

Незначителен број од наставниците сметаат дека немаат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет.

Мал број од учниците не се согласуваат дека секое оценување  е праведно.

| |
|---|
| Незначителен број од учениците и родителите не сметаат дека во училиштето има доволен избор на воннаставни активности и дека слободно по сопствен избор можат да се вклучат во истите. Исто така сметаат дека не се доволно вклучени во изготвувањето на планирањето на воннаставните активности. |
| **Приоритети**<br>Во делот со воннаставните активности засилено вклучување на учениците во изготвувањето на планот, како и креирање на активности кои се во согласност со нивните интереси.<br>Зголемување на активности во кои учениците ќе бидат вклучени во работилници со ученици од друга култура и друг наставен јазик . Засилување на соработката на ППС со наставниот кадат во поглед на изготвуањето на наставните планови и програми. |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ Св. ,,Климент Охридски" -с. Драслајца Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Е-дневник; записници од родителски состаноци; анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и акциски план за подобрување; анализи на резултати од екстерни тестирања; анкети со ученици, наставници, родители; интервјуа со стручни соработници, директор. | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Многу добро<br>Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално ги разгледува постигањата од Акцискиот план.<br>Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира.<br>Учениците редовно земаат учество во сите организирани општински, регионални и државни натпревари, каде што постигнуваат одлични резултати. |
| | Резултати од екстерни тестирања | Делумно задоволува<br>Училиштето беше вклучено во меѓународно тестирање во 2023 година ТИМСС 2023 и учениците на ова тестирање немаа многу добри резултати.<br>Споредбата со националниот просек покажува дека има простор за значително подобрување, особено во примената на знаењето и аналитичкото размислување.<br>Резултатите добиени на државното тестирање,студиите/извештаите |

| | | |
|---|---|---|
| | | за меѓународни оценувања се анализираат и наставата се подобрува соодветно. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Многу добро<br>Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со потешкотии во учењето и со посебни образовни потреби, во однос на поддршката во редовната настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето се покажува согласност и испитаниците се согласуваат дека училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици и постојано организира додатна настава за овие ученици. |
| | Известување на родителите/ старателите за постигањата на учениците | Многу добро<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.<br>Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квартален период.<br>Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води. |
| **Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Записници од советувања на родители и ученици; распоред и списоци за дополнителна и додатна настава; Е-дневник; извештаи за соработка со различни | Редовност во наставата | Многу добро<br>Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава, но, кај помал дел од учениците се забележува одредени случаи на зголемени изостаноци особено во повисоките одделенија и кај учениците кои имаат социјално-економски, семејни тешкотии, хронична болест.<br>За учениците кои не се редовни на настава се превземаат |

| | | |
|---|---|---|
| | | педагошки мерки, се вршат советувања со учениците и нивните родители и доколку тоа не даде резултати се соработува со надворешни институции како што се Центар за социјална работа, Министерство за внатрешни работи и локалната самоуправа (оддел за образование), ДПИ. |
| чинители за подобрување на постигањата; анкети со ученици, наставници, родители; | Советување на родители/старатели и ученици | Советувањето на родители и ученици во училиштето се спроведува систематски, планирано и индивидуално, со вклученост на педагошката служба, одделенски и предметни наставници. Советувањата на родителите се спроведуваат четири пати во текот на една учебна година (после секое тримесечје), после оддржување на одделенските совети.<br>Учениците и родителите се советуваат доколку:<br>-ученикот има повеќе од три негативни оценки.<br>-има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци<br>-ако учениците имаат недолично однесување.<br>На родителите им се испраќаат покани, секој родител кој треба да присуствува на советувањето добива покана седум дена пред одржувањето на истото.<br>Се изработуваат извештаи од советувањето кои ги добиваат и самите родители.<br>Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Многу добро<br>Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува |

| | | |
|---|---|---|
| | | распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето. Родителите се изјаснија дека е најдобро да се организира дополнителна настава пред тестови и испрашувања. Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квартални периоди е многу добро. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квартален период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално ги разгледува постигањата од Акцискиот план. Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира. Учениците редовно земаат учество во сите организирани општински, регионални и државни натпревари, каде што постигнуваат одлични резултати. Учениците учествуваа на натпреварите по предметите: Италијански јазик (второ место на државно ниво), Хемија (трето место на државно ниво), Биологија (трето место на државно ниво) и Англиски јазик (обезбеди учество на регионален натпревар). Во 2025 година учениците од I до IX одделение учествуваа во меѓународниот математички натпревар ,,Кенгур 2025" каде што покажаа одлични резулати и логичко размислување.

Резултатите од екстерни тестирања делумно задоволуваат. Училиштето беше вклучено во меѓународно тестирање во 2023 година ТИМСС 2023 и учениците на ова тестирање немаа многу добри резултати. Споредбата со националниот просек покажува дека има простор за значително подобрување, особено во примената на знаењето и аналитичкото размислување. Резултатите добиени на државното тестирање,студиите/извештаите за меѓународни оценувања се анализираат и наставата се подобрува соодветно.

Во училиштето постојат јасно дефинирани процедури за идентификување и поддршка на ученици со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со попреченост, во согласност со законската регулатива и насоките од Бирото за развој на образованието и МОН. Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост е Многу добро. Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето треба има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби, во однос на поддршката во редовната настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето се покажува согласност и испитаниците се согласуваат дека училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици и постојано организира додатна настава за овие ученици.

Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава, но, кај помал дел од учениците се забележува одредени случаи на зголемени изостаноци особено во повисоките одделенија и кај учениците кои имаат социјално-економски, семејни тешкотии, хронична болест.

За учениците кои не се редовни на настава се превземаат педагошки мерки, се вршат советувања со учениците и нивните родители и доколку тоа не даде резултати се соработува со надворешни институции како што се Центар за социјална работа, Министерство за внатрешни работи и локалната самоуправа (оддел за образование), ДПИ.

Советувањето на родители и ученици во училиштето се спроведува систематски, планирано и индивидуално, со вклученост на педагошката служба, одделенски и предметни наставници. Советување на родители/старатели и ученици -

Советувањата на родителите се спроведуваат четири пати во текот на една учебна година (после секое тримесечје), после оддржување на одделенските совети. Учениците и родителите се советуваат доколку: ученикот има повеќе од три негативни оценки, има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци, ако учениците имаат недолично однесување. На родителите им се испраќаат покани, секој родител кој треба да присуствува на советувањето добива покана седум дена пред одржувањето на истото. Се изработуваат извештаи од советувањето кои ги добиваат и самите родители. Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.
Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава - Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето. Родителите се изјаснија дека е најдобро да се организира дополнителна настава пред тестови и испрашувања.

Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата.

**Силни страни**

| |
|---|
| Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квартални периоди.<br>Учениците редовно земаат учество во сите организирани општински, регионални и државни натпревари, каде што постигнуваат одлични резултати.<br>Училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето.<br>Училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици.<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава.<br>Советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.<br>Во текот на целата година по сите предмети се организира дополнителна настава.<br>Родителите се изјаснија дека учениците даваат позитивни одговори за наставата и активностите во училиштето. |
| **Слаби страни**<br>Училиштето беше вклучено во меѓународно тестирање во 2023 година ТИМСС 2023 и учениците на ова тестирање немаа многу добри резултати.<br>На училиштето во учебната 2024/25 не му беше доделен образовен асистент, и не располага со психолог и дефектолог за учениците со посебни потреби.<br>Во екстерните тестирања, споредбата со националниот просек покажува дека има простор за значително подобрување, особено во примената на знаењето и аналитичкото размислување.<br>Дел од наставниците во едно од подрачните училишта не секогаш одржуваат дополнителна настава. |
| **Приоритети**<br>Со учениците да се работи во насока на развивање и поттикнување на критичкото размислување како и развивање на повисоките когнитивни домени и истражувачки вештини. Наставниците да ги планираат часовите со повеќе интерактивни активности во насока на поттикнување на креативното размислување кај учениците, примена на различни перспективи во реализација на наставните содржини, давање можности за откривање различни решенија на дадени задачи од наставната содржина. Редовно да ги одржуваат часовите за дополнителна и додатна настава. |

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 3.1 Училишна клима<br><br>3.2 Еднаквост и правичност<br>3.3 Партнерски однос со заедницата<br><br>3.4 Севкупна грижа за учениците |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Кодекс на однесување; анкети/интервјуа со стручните соработинции; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; статут на училиштето; куќен ред на училиштето; пофалби, награди, признанија и др.; написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи; решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител; програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител; досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи). | Углед/имиџ на училиштето | Многу добро.<br><br>Училиштето во локалната заедница се истакнува по својот квалитетен пристап кон работата, успесите на учениците во различни области и негувањето на висока култура на живеење. Овие достигнувања не би биле возможни без активната вклученост на сите наставници, ученици и родители, без разлика на нивната етничка припадност, економска или социјална положба. Дополнително, училиштето се препознава и по успешното спроведување на својата мисија и визија, со кои наставниот кадар добро е запознаен. Вработените постојано работат на унапредување на професионалната соработка, што претставува еден од клучните фактори за создавање позитивна атмосфера која ја чувствуваат и родителите и посетителите. Според анализата на документацијата, интервјуата и спроведените анкети со наставници, родители и ученици, постои куќен ред кој се почитува и е добро познат на сите засегнати страни. Училиштето има значајна улога во заедницата и е видливо присутно во локалните, националните и меѓународните медиуми. |
| | Кодекс на однесување | Многу добро.<br><br>Во училиштето е воспоставен и усвоен кодекс на однесување кој ги опфаќа принципите и правилата за однесување на сите учесници во воспитно-образовниот процес – управата, наставниот кадар, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите. Процесот на изработка на кодексот вклучуваше претставници од сите овие групи, а документот е поставен на јавно и достапно место, заедно со куќниот ред. Освен општиот кодекс, постојат и посебни кодекси за ученици, родители и наставници, со кои сите се запознаени и кои се јасно |

| | | |
|---|---|---|
| | | истакнати на видно место во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | Училишна клима | Многу добро.<br><br>Поголем дел од учениците се изјаснаа дека сакаат да одат на училиште, се чувствуваат безбедно, знаат кои се правилата и дека доколку ги прекршат истите следуваат изрекувања на педагошки мерки. Родителите и наставниците исто така се искажаа за позитивната клима во училиштето. Хигиената, според одговорите на засегнатите страни, е на задоволително ниво. |

| | | |
|---|---|---|
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Многу добро.<br><br>Наставниот процес е организиран во согласност со важечките педагошки стандарди и законски прописи. Наставниците применуваат позитивни пристапи, современи наставни методи, активно учење, индивидуализиран пристап и пофалби со цел да ја зголемат мотивацијата кај учениците. Овие пристапи создаваат услови за личен развој на секој ученик. Во училиштето се води уредна педагошка евиденција, се изготвуваат записници и извештаи за однесувањето и дисциплината на учениците, а постојат и документирани интервенции на педагошката служба за решавање конкретни случаи. Училиштето обезбедува стимулирачка средина која го поттикнува интересот за учење. Учениците имаат можност нивните трудови да бидат јавно изложени во училниците и училишните простории, што придонесува за чувство на вреднување и видливост на нивниот труд. Тие чувствуваат дека нивното мислење е важно, особено преку работата на одделенската заедница и преку активностите на Ученичката заедница во која активно се вклучуваат во носењето одлуки и решавањето проблеми во паралелката и на ниво на училиште. Исто така, училиштето преку различни организирани активности го поддржува развојот на конструктивна соработка помеѓу учениците и возрасните. Учениците учествуваат во различни проекти, како во наставата така и надвор од неа, работејќи во групи со различна структура и големина, што дополнително ја зајакнува нивната социјална интеракција и тимска работа. |

| | | |
|---|---|---|
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Многу добро.<br><br>Учениците активно се вклучени во функционирањето на училиштето. Тие имаат изготвена програма за својата работа и се дел од Детскиот парламент, а во училиштето е избран и ученик-правобранител. За овие активности постојат соодветни записници и извештаи, како и документи што го евидентираат учеството на учениците во различни иницијативи. Со поддршка од училиштето, наставниците и родителите, учениците учествуваат во бројни културни и натпреварувачки манифестации. Преку известувања во медиумите за нивните активности, дополнително се зајакнува угледот и имиџот на училиштето. Училиштето посветува особено внимание на успехот и развојот на секој ученик. Наставниците создаваат позитивна и продуктивна училишна средина, поставувајќи јасни и високи стандарди во однос на ученичките постигнувања, редовноста и дисциплината. Учениците, истовремено, имаат високи очекувања од самите себе и од своите соученици и се стремат кон постигнување подобри резултати во рамките на училиштето. Пофалбата се користи како ефикасен метод за поттикнување и мотивација. Нашето училиште води политика што го охрабрува наставниот кадар и учениците да учествуваат и да остваруваат успеси на различни натпревари – на локално, регионално и национално ниво. |
| | | |

| Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета и разговори со ученици, родителите, наставници, стручна служба; извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на | Познавање и почитување на правата на децата | Многу добро.<br><br>Според исказите на ученици, родители и наставници собрани преку анкети и интервјуа, како и разговори со директорот, стручната служба и училишниот педагог, во училиштето постојат документирани извештаи за активности поврзани со запознавање на учениците со нивните детски права. Наставниците истакнуваат дека во рамки на наставните содржини редовно реализираат проектни активности насочени кон подигање на свеста кај учениците за нивните права. Постојат записници што ја документираат работата на Ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител, со јасна евиденција за нивната активност. Во секој идентификуван случај, училиштето демонстрира почитување на детските права и при организацијата на наставата се води сметка за соодветната структура на паралелките, обезбедувајќи еднакви можности и грижа за сите ученици. |

| | | |
|---|---|---|
| разрешување); структура на паралелките; записници од работата на ТУИ - Тимот за училишна интеграција; дневник за работа на стручните соработници; оперативен план за наставен час; записници од наставнички совет; критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Многу добро.<br><br>Според анализираните документи, анкети и спроведени интервјуа, во нашето училиште редовно се води дневник за работа на стручните соработници во кој се евидентираат сите активности согласно нивниот планиран распоред. Исто така, постојат утврдени критериуми за избор на првенец на генерацијата, како и записници од состаноци на Наставничкиот совет. Наставниците поседуваат уредна педагошка документација, вклучително и оперативни планови кои вклучуваат активности насочени кон промовирање еднаквост и правичен пристап кон сите ученици. Во нашето училиште владее исклучително позитивна и конструктивна клима меѓу сите учесници во образовниот процес. Училишната атмосфера претставува клучен фактор за функционирањето на еден образовен систем, таа е духовната и емоционална основа која ги инспирира учениците, наставниците и целиот персонал да го доживуваат училиштето како место каде припаѓаат и со радост се враќаат секој ден. Таа клима поттикнува чувство на лична одговорност и припадност и на тој начин создава заедница што ги охрабрува сите да придонесуваат и да се развиваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби;<br>анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници; анкета/интервју со претставник на локалната заедница;статут на училиштето; интернет- страница на училиштето; договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/ институции; | Соработка на Училиштето со родителите/старателите | Многу добро.<br><br>Соработката помеѓу училиштето и родителите е континуирана, транспарентна и отворена. Родителите се охрабруваат активно да учествуваат во образовниот процес на своите деца и се консултираат при креирањето на Годишната програма за работа на училиштето, како и во врска со други прашања од значење за учениците. Оваа соработка се остварува преку различни форми: индивидуални консултации, редовни родителски средби, отворени денови, вклучување на родители во Советот на родители, како и учество во Училишниот одбор. За родителите и другите надворешни соработници постојат утврдени приемни денови за комуникација со одделенските раководители, предметните наставници, стручната служба и директорот. |

| | | |
|---|---|---|
| извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите и со претставниците на локалната заедница; документација за добиени спонзорства и донации. | Соработка со општината и со урбаната заедница | Многу добро.<br><br>Училиштето силно ги поттикнува учениците да напредуваат и да се промовираат во различни области, како што се учество на литературни конкурси, еколошки иницијативи и други јавни настани, каде што учениците не само што го претставуваат себе си, туку и го афирмираат училиштето. Името на училиштето претставува извор на гордост за наставниците и учениците, што се препознава преку нивната силна мотивираност за учество на натпревари и постигнување награди во повеќе сегменти од училишниот живот. Овие успеси придонесуваат за зачувување и унапредување на високата репутација на училиштето. Со локалната заедница, училиштето остварува успешна и плодна соработка со цел да се искористат сите нејзини ресурси во функција на реализирање на образовните цели. Истовремено, училиштето се стреми преку своето делување да придонесе за подигнување на културното и образовното ниво на месното население. Исто така, училиштето редовно организира и реализира посебни програми за одбележување значајни датуми, јубилеи и активно учествува во културни манифестации. |

| Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Кодекс на однесување; куќен ред на училиштето; набљудување на условите во училиштето; протокол за превенција и заштита од насилство; анкети/ интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; записници од советувања; извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници; педагошка евиденција и документација; | Превенција и заштита од насилство | Многу добро.<br><br>Стручната служба, наставниците и сите вработени во училиштето се запознаени со детските права и активно ги почитуваат. Наставниот кадар, заедно со стручната служба, ги охрабрува учениците да ги познаваат своите права, да ги применуваат и да бараат заштита кога тие се загрозени. Во текот на одделенските часови, преку различни работилници, како и преку активностите на Ученичката заедница, се вложуваат континуирани напори учениците да бидат информирани за своите права и обврски. Родителите, пак, добиваат информации за правата и обврските на децата на редовни родителски средби, при што постојано се поттикнува нивна соработка и се укажува на случаи каде учениците не ги извршуваат во целост своите должности. Училиштето е подготвено да реагира соодветно и навремено пред надлежните институции при секое прекршување на детските права, а тоа го прави согласно реалните потреби. Наставниците од I до IX одделение доследно ги користат наставните содржини за суптилно промовирање на вредностите на еднаквост и правичност, кои се суштински за личниот и социјалниот развој на учениците. Училиштето се залага за еднаков и правичен третман на сите ученици, а во таа насока е донесен и јавно истакнат Протокол за заштита и превенција од насилство. |

| | | |
|---|---|---|
| организирани работилници, предавања со учениците, родителите и со | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Многу добро.<br><br>Во училиштето се истакнати знаци на видни места за забрана на пушење и често се спроведуваат работилници за превенција од цигари, алкохол и дрога и од стручните служби во училиштето и од надворешни организации како Центар за јавно здравје, Црвен крст, невладини организации и др. |
| | Квалитет на достапна храна | Многу добро.<br><br>Учениците постојано имаат предавања за здравата храна, најчесто во склоп на часот на одделенска заедница, а имаат и практични наставни и вонаставни активности за начинот на исхрана, за тоа како правилно да засадуваат и одгледуваат растенија кои се користат во исхранта и како здраво да се хранат. |

| | | |
|---|---|---|
| претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; записници од спроведените активности за професионална ориентација. | Хигиена и заштита од болести | Многу добро.<br><br>Учениците имаат практични и стручни предавања од Институции, Невладини организации, Центар за јавно здравје и акредитирани организации во врска со хигиената и одржувањето на здравјето како и заштита од болести |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Многу добро.<br><br>Сите ученици и вработени во училиштето, без разлика на нивната етничка припадност, рамноправно учествуваат во наставните и воннаставните активности, согласно со своите интереси, способности и вештини. Учениците, независно од нивната возраст, пол, социјален статус, етничка или верска припадност, уживаат еднакви права и третман. Наставниот и останатиот персонал се однесуваат подеднакво кон сите ученици, вклучувајќи ги и оние со посебни образовни потреби, кои се активно вклучени во наставниот процес, како и во воннаставните активности, меѓу кои и работата со информатичка технологија. Наставниците професионално се надградуваат за работа со ученици со посебни потреби, што придонесува не само за нивна успешна инклузија, туку и за ефикасна вклученост на наставниот кадар и стручната служба во овој процес. За учениците со посебни образовни потреби, наставниците подготвуваат индивидуални образовни планови кои се дел од наставните програми по конкретни предмети. Правичноста се обезбедува и преку објективно и транспарентно оценување. Успешното вреднување на учениците е резултат и на посетените обуки за формативно и сумативно оценување, почитувањето на етичкиот кодекс при оценувањето, како и вградувањето на стандардите за оценување во годишните наставни планови на наставниците. Преку реализацијата на својата програма, стручната служба им помага на учениците да ги препознаат и правилно да реагираат на ситуации кои вклучуваат дискриминација во училишниот контекст. Во училиштето се почитуваат половите разлики, како и различното социјално и културно потекло на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Во нашето училиште, за среќа, немаме семејства кои се пријавиле како социјално загрозени, но доколку во иднина се соочиме со ваков проблем, училиштето би обезбедило бесплатни оброци, како и попусти за патувања (излети, екскурзии), фотографирања и останати активносто кои учениците, односно родителите сами ги финансираат. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Многу добро.<br>Училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Наставата за овие ученици се реализира во договор со наставникот или онлајн настава, се разбира, доколку ученикот е во можност да ја следи таа настава. |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Многу добро.<br>Учениците секогаш кога ќе почувствуваат потреба, се обраќаат до стручната служба за помош, особено во ситуации кога се соочуваат со проблеми. Училиштето активно спроведува активности за социо-емоционално учење, со цел да осигури рамномерна застапеност на содржините за социо-емоционален развој во училишните програми, исто како што се застапени и содржините за развој на когнитивните вештини и писменоста. Децата, покрај когнитивните вештини, ги имаат и потребните социо-емоционални способности бидејќи тие им овозможуваат да се фокусираат на своите активности, да бидат мотивирани, да соработуваат со наставниците и да одржуваат добри односи со своите врсници во одделението. Социјалните и емоционалните вештини ја зголемуваат способноста на детето да учи, да работи со другите, да обрнува внимание во училницата и да развива вештини кои се основа за формално учење и социјални интеракции, како во текот на училишните години, така и во понатамошниот живот. |

| | | |
|---|---|---|
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Многу добро.<br><br>Во месец мај, стручната служба во училиштето спроведува анкети за професионална ориентација на учениците. Им се објаснува на учениците колку поени се потребни за упис во различните средни училишта, како да ги пресметаат своите поени, се води разговор со учениците и нивните родители. На барање на средните училишта, училиштето организира директни средби со професори од тие училишта кои ги презентираат програмите на своите училишта, достапните струки, условите за запишување, можностите за напредување и идното вработување. Во училиштето се одржуваат и презентации од страна на средните училишта, се дистрибуираат флаери до учениците и родителите, се пуштаат ЦД материјали со информации за условите што ги нудат овие училишта. Стручната служба во училиштето работи на професионално информирање и ориентирање на учениците преку едукација за изборот на струка и училиште каде што ќе го продолжат своето средно образование. За учениците од деветто одделение, исто така, се организираат заеднички родителски предавања, каде што родителите се информираат и запознаваат со мрежата на средни училишта во градот, но и во некои други места во државата. |

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| **Опис/резиме на подрачјето:**<br><br>Имиџот на училиштето, неговата слика, како и климата и културата во него, се одлични и претставуваат синоним за училиштето, како и за неговата афирмација на локално, национално и меѓународно ниво. Во училиштето се истакнати кодекси на однесување и куќен ред, на кои се придржуваат сите вклучени страни. Наставниците, стручната служба, учениците и родителите водат грижа за дисциплината и однесувањето на учениците. Постојано се води педагошка евиденција и документација, како и записници и извештаи за управување со различни ситуации во текот на работата на стручната служба. Учениците имаат ученички парламент и активно учествуваат во донесувањето на одлуки и решавање на проблеми. Тие имаат и ученички правобранител и редовно учествуваат во активности според програмата што е доставена за работа. Во училиштето се почитуваат правата на децата, а наставниците имаат соодветни активности, како наставни, така и воннаставни, со кои учениците се запознаваат со своите права и обврски, а исто така и родителите. Училиштето гарантира еднаков третман на сите ученици и обезбедува правичност и еднаквост, со ист пристап за сите ученици. Училиштето и наставниците имаат постојана и продуктивна соработка со родителите и старателите на учениците, кои активно учествуваат во училиштниот живот и во работата на училиштето. Покрај тоа, училиштето има активна соработка со локалната заедница, институции, невладини организации и акредитирани организации кои ја следат работата на училиштето, донираат соодветна опрема или обезбедуваат интелектуални услуги. Редовно се организираат предавања, едукации и се реализираат наставни и воннаставни активности за превенција и справување со врсничко насилство. Во соработка со локалната средина и надлежните институции, се организираат трибини и настани за заштита од дрога, алкохол и пушење, како и за заштита и превенција од заразни болести, квалитетот на храната и здрава исхрана. Во училиштето се спроведуваат редовни санитарни и систематски прегледи за наставниците и учениците. Педагошко-психолошката служба редовно води евиденција и документација во согласност со потребите на учениците, постојано комуницира со наставниците и родителите за справување со социо-емоционалните проблеми на учениците и на тој начин води грижа за нивното ментално здравје. Во соработка со учениците, наставниците и родителите, ППС обезбедува поддршка и насочување за продолжување на образованието на учениците. |
|---|
| **Силни страни:**<br><br>- Училиштето има позитивна клима.<br>- Училиштето има кодески за однесување и куќен ред со кој се запознати учениците, наставниците, родителите и сите засегнати страни.<br>- Училиштето има детски парламент.<br>- Училиштето има ученик правобранител.<br>- Училиштето има соодветна евиденција и документација за дисциплина, однесување, формирање на соодветни тела, учетво и донесување на одлуки од страна на учениците.<br>- Училиштето има активна соработка со родителите.<br>- Училиштето има активна соработка со локалната заедница.<br>- Училиштето е афирмирано и постојано застапено во локалните и националните медиуми.<br>- Училиштето има еднаков и правичен пристап кон сите ученици. |

- Училиштето организира работилници, едукација и наставни и воннаставни активности за превенција од насилството.
- Училиштето организира предавања, самостојно и во соработка со организации и институции во врска со превенција и заштита од пушење, дрога и алкохол.
- Училиштето води грижа за здравјето на учениците и наставниците.
- Училиштето води грижа за социо-емоционалната состојба и менталното здравје на учениците.

| |
|---|
| |
| **Слаби страни:**<br>– Училиштето не е транспарентно во однос на буџетот, односно вработените и родителите не се доволно информирани во врска со финансиските средства со кои училиштето располага. |
| **Приоритети:**<br>- Редовно да се објавува буџетот на училиштето со цел вработените и родителите да бидат информирани за финансиските средства со кои раководството располага. |

# Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Св. Климент Охридски“ - Драслајца Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на училишниот одбор;<br>деловник за работа на училишниот одбор;<br>статут на училиштето;<br>записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);<br>развојна програма на училиштето;<br>програма за работа на директорот;<br>програми за професионален развој;<br>докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); | Управување со училиштето | Управувањето со училиштето се реализира преку активното и одговорно функционирање на Училишниот одбор, како највисок орган на управување во училиштето. Училишниот одбор има клучна улога во донесувањето стратешки одлуки, одобрување на планови и програми и следење на работата на училиштето во согласност со законската регулатива и интересите на учениците, наставниците и локалната заедница.<br>Составот на одборот обезбедува застапеност на сите релевантни страни – наставен кадар, родители, локална самоуправа – што овозможува демократско и транспарентно одлучување. Седниците на одборот се редовни и се водат записници со јасно утврдени одлуки, кои се проследуваат до раководството на училиштето за понатамошна реализација.<br>Членови на УО се со легитимен мандат, и Претседателот на УО согласно новиот закон за основно образование е родител.<br>Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се покануваaат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат Записници. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.<br>Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е на високо ниво.<br>Директорот, како раководен орган, одговорен е за спроведување на |

| | | |
|---|---|---|
| интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор;<br>распоред и процедури за користење на просторот и материјалите во училиштето; | | одлуките на Училишниот одбор и секојдневното раководење со училиштето. Тој обезбедува ефикасна организација на работата и обезбедува континуирана комуникација помеѓу наставниот кадар и управувачките тела.<br>Училишниот одбор во интерес на спроведување на развојната програма на училиштето континуирано ја следи и работата на раководниот орган и вработените, поддржува и следи професионален развој на наставниците, ги следи резултатите и напредокот на учениците, нивното здравје и детски права, поддржува осовремување и подобрување на работните услови, како и континуирано интезивира соработка со телата на училиштето и општествената заедница.<br>Најголем број од родителите се согласуваат дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки. |

| | | |
|---|---|---|
| докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека / медиотека. | | |
| | Раководење со училиштето | Раководењето со училиштето е во надлежност на директорот, кој ја има клучната улога во организирањето, координирањето и следењето на сите аспекти на воспитно-образовниот процес. Директорот обезбедува ефективна и ефикасна реализација на Годишната програма за работа, ги распределува обврските во согласност со професионалните компетенции на кадарот и поттикнува позитивна, мотивирачка и инклузивна училишна клима. Директорот редовно го информира Училишниот Одбор за сите важни прашања поврзани со функционирањето на училиштето, вклучувајќи ги: реализацијата на наставниот процес, финансиското работење, кадровски промени, инфраструктурни потреби, безбедноста и благосостојбата на учениците и вработените. Во процесот на раководење, директорот активно соработува со наставничкиот совет, стручните активи и стручната служба и ја промовира тимската работа и професионалниот развој. Одлуките се донесуваат врз основа на податоци, анализа и консултација со релевантните училишни тела. Постојат утврдени процедури за интерна комуникација, евиденција и следење на квалитетот на наставата и ученичките постигања. Раководниот тим (директор, педагог) редовно реализира активности за евалуација, професионален развој на наставниците, како и поддршка на учениците и родителите. Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Поголем дел од родителите, наставниците и учениците се изјаснија дека се информирани за активностите кои училиштето ги планира за следниот период. Работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Најголем дел од наставниците се изјаснија дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма и динамиката на реализирање.<br>Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.<br>Во учебната 2024/2025 година е воспоставена добра соработка со бизнис секторот и во училиштето се обезбдени значајни донации:<br>**Во Драслајца:**<br>- Смарт табла (донација преку проект за размена на ученици) и опремување на медиотеката со 10 компјутери ( кое училиштето ги набави од сопствената сметка)<br>- 10 компјутери и монитори за кабинетотот по информатика;<br>- 14 компјутери и монитори во ПУ Ложани;<br>- Пет канцелариски столови во ПУ Ложани.<br>- 8 компјутери и монитори во ПУ Мороишта;<br>- 4 Смарт телевизори;<br>- Печатач;<br>- 140 лектири за потребата на билбиотеката;<br>- набавена се материјали за поставуње на пристапна рампа за лица со попреченост на влезот од централното училиште;<br>- 500 литри на екстра лесно гориво;<br>- Од базарот одржан во училиштето во учебната 2024/25 беа обезбедени 53.730 денари кои во соработка со Советот на родители беа наменски искористени и се набавија 3 персонални компјутери, 4 држачи за телевизори, 6 преднапонски осигурувачи, за награди за првенец на генерација и ученици кои имаа постигнато континуиран успех во сите учебни години и за чистење на оџаците во ПУ Биџево.<br>**Во ПУ Биџево:**<br>- нови стански табли, автоматски осигурачи и катодни одводници за пренапон, инсталирана е опрема за заземјување;<br>- саниран е таванскиот дел во ходникот и тоалетите; |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Во ПУ Ложани:**<br>- набавени и поставени се пет современи клима-уреди, од кои еден е со капацитет од 7.5 kW, еден со капацитет од 3.5 kW и три со капацитет од 5.5 kW;<br>- набавени се материјали и поставена е целосно нова електрична инсталација во училиштето по сите стандарди;<br>- Внатрешниот дел од училиштето (училниците и ходниците се целосно варосани);<br>- Училиштето обезбеди модерно и штедливо осветлување за училниците, ходникот, тоалетите и училишниот двор;<br>- нова косилка за трева;<br>- две безжични камери за ПУ Ложани и ПУ Мороишта;<br>- 40 USB Wireless адаптери, 5 рутери, хдми приклучоци за сите компјутери;<br>Во учебната 2023/2024 обезбедени се следните донации:<br>**Во ПУ Мороишта:**<br>- од Агенцијата за млади и спорт добиени се две табли и обрачи за за кош;<br>- материјалите за нивно поставување се обезбедени од донација;<br>- додека монтирањето е обезбедено од страна на жители од с. Мороишта.<br>- обезбедени се материјали за санирање на портата и врата на влезот од училиштето и монтирање од жител од с. Мороишта.<br>**Проект** од Центарот за развој на југозападен плански регион во рамки на проектот „Подобрена енергетска ефикасност во ЈЗПР и искористување на ОИЕ“.<br>- Во 2023 година, Реконструкција на надворешната фасада во ПУ Мороишта, поставување на ПВЦ прозори и надворешна врата.<br>**Од сопствени средства:**<br>-во централното училиште бојадисани се училишните холови.<br>Реализацијата на проекти со НВО, здруженија на граѓани како и со локалната и деловната зедница се тековни и истите се засноваат врз основа на потпишани меморандуми за соработка со училиштето. Реализатори на овие проекти се посебни тимови за соработка со |

| | | |
|---|---|---|
| | Управување и раководење со ресурсите | локалната, деловната заедница, невладиниот сектор и здруженија на граѓани.<br>ООУ „Св. Климент Охридски" - Драслајца - Струга е модернизирано и од 1986 година учениците во с. Драслајца и во подрачните училишта во с. Мороишта, с. Биџево и с. Ложани, учат во современи училишни згради со поволни педагошки, дидактички и хигиенски услови за работа.<br>Во централното училиште во с. Драслајца, се изведува:<br>- кабинетска настава со учениците од VI до IX одделение,<br>- две комбинирани и една чиста паралелка со учениците од I до V одделение.<br>Училиштето брои 14 училници, од кои:<br>- една е медиотека, опремена со smart табла, проектор и 8 компјутери;<br>- во 3 училници за одделенска настава, поставени се smart телевизори;<br>- 10 кабинети за кабинетска настава по наставните предмети: математика и физика, хемија и биологија, информатика, техничко образовабие, историја и граѓанско образование, географија, музичко образование и ликовно образование, македонски јазик - 2 кабинети, и еден за италијански јазик, кои ги задоволиваат потребните стандардите, но секогаш има место за до усовременување со нови нагледни средства и помагала.<br>- 4 канцеларии од кои една е за директор, една за секретар, една за педагог и една за книговодител;<br>- Делумно опремена библиотека;<br>- училилишна кујна со менза, целосно опремена, која моментално не е во функција поради слабиот интерес за топол оброк;<br>- сала за свечени приредби со бина и 100 места за публика;<br>- фискултурна сала од 900 м2, опремена со сите реквизити и стандарди за реализација на наставата по физичко и здравствено образование од I до IX одделение, со 3 соблекувални (две женски и една машка) со санитарни чворови и туш кабини, посебни за учениците;<br>- канцеларија за наставниците со посебен санитарен чвор и туш |

| | | |
|---|---|---|
| | | кабина за наставниците;<br>- спортско игралиште од 600 м2, за мал фудбал - футсал, кошарка и ракомет;<br>- уреден двор со површина од 1800 м2, целосно ограден со еден влез за пешаци и три влезови за моторни возила, а 44 400 м2 за училишна економија.<br>Местоположбата, сместувањето и просторните капацитети се многу добри. Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е многу добра, со тенденција на подобрување поради континуирана набавка, која што е планирана со Програмата за развој на училиштето.<br>Наставата во централното училиште во с. Драслајца и во подрачните училиште во с. Мороишта и во с. Ложани се изведува на македонски наставен јазик.<br>Во подрачното училиште во с. Биџево, наставата се изведува на албански наствен јазик.<br>Учениците од подрачните училишта во с. Мороишта и с. Ложани школувањето го продолжуваат во централното училиште во с. Драслајца и за нив е организиран превоз, а учениците од с. Биџево школувањето го продолжуваат во училиштето во с. Ливада.<br>Целокупната работа на училиштето се реализира во четири училишни згради и тоа: централната училишна зграда е лоцирана на самиот влез во с. Драслајца и во неа се сместени 11 паралелки од прво до деветто одделение. Училишните згради во с. Мороишта, с. Ложани и с. Биџево се лоцирани во центарот на селата. Во нив се одржува само петтоодделенска настава и тоа,  училиштето во с. Мороишта брои пет паралелки, училиштето во с. Ложани брои три паралелки и училиштето во с. Биџево брои четири паралелки.<br>ООУ „Св. Климент Охридски" - Драслајца ги утврдува потребите за наставни средства и помагала преку анкета со наставниците, за дополнителна набавка на: компјутери, смарт- табли, смарт телевизори, ЛЦД-проектори, принтери, спортски реквизити, макети, модели, историски карти, музички инструменти, фонотека, списанија, лектири, енциклопедии, образовни софтвери за нормално |

| | | |
|---|---|---|
| | | функционирање на воспитно- образовниот процес и др.<br>Учењето и наставата се збогатени преку користењето на добар обем на ИКТ опрема во училиштето. Компјутери за учениците има во кабинтетот по информатика и  техничко образование, во училниците за одделенска настава во кои се монтирани и четири smart телевизори.<br>Во моментот училиштето располага со:<br>- 47 компјутери, од кои 34 се обезбедени од донација на општествено одговорни компании; 10 компјутери од сопствени извори и 3 компјутери од средства собрани на велигденскиот Базар;<br>- 23 компјутери од 2008 година;<br>- 1 смарт табли од донација;<br>- 11 таблети;<br>- 4 смарт телевизори - од донација;<br>- 4 проектори;<br>- 1 бела табла;<br>- 6 нови печатари, од кои еден е донација од МОН и 6 стари печатари кои се во функција;<br>- 1 фотокопир;<br>Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Најголем дел од наставниците, се изјасниле дека училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.<br>Библиотеката во ООУ „Св. Климент Охридски“ — Драслајца, Училишната библиотека е посебен простор во училиштето кој обезбедува книги, списанија и други едукативни материјали за учениците и наставниците. Таа служи како центар за учење, истражување и читање, каде учениците можат да ги развиваат своите вештини за читање, истражување и самостојно учење. Основната цел на училишната библиотека е да го поддржи образовниот процес преку |

| | | |
|---|---|---|
| | | обезбедување ресурси што ќе го поттикнат читањето, критичкото размислување и истражувањето. Таа помага во развојот на читачка култура и љубов кон книгата кај учениците. Сместена во самото училиште, претставува библиотечен - информативен центар кој постојано собира и дава на користење библиотечен материјал на учениците и наставниот кадар.<br>Библиотеката нуди можност за максимално користење на книжните фондови со кои располага, пристап до информаци, а со тоа и подобруваење на културниот и социјалниот живот на учениците и наставниот кадар.<br>Книгите се позајмуваат во рок од 15 дена и може да позајми секој кој што работи или посетува настава при ООУ „Св. Климент Охридски“ - Драслајца. Овој рок може да се продолжи по барање на наставникот или ученикот. |

| | | |
|---|---|---|
| | Управување и раководење со ресурсите | (see below) |

| Реден број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1 | Лектирни изданија | 2881 |
| 2 | Стручна литература | 595 |
| Вкупно: | | 3476 |

Библиотечната евиденција е клучна за ефикасно управување со библиотечниот фонд и за следење на движењето на книгите и другите ресурси со цел: да се обезбеди ред и прегледност во библиотеката, да се следи користењето на фондот, да се олесни пребарувањето и управувањето со книгите и да се обезбеди одговорност и отчетност при позајмување на материјали.
Училишната библиотека располага со повеќе од десет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија. Библиотечната евиденција се води во согласност со законската регулатива. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. Родителите целосно се согласуваат дека училишната библиотека е достапна за сите ученици. Библиотеката има пристап до интернет.

| | | |
|---|---|---|
| | Раководење со кадарот | Воспитно-образовната дејност во училиштето ја остварува соодветен воспитно-образовен кадар, кој има клучна улога во образованието и развојот на учениците. Овој кадар го сочинуваат 36 наставници, кои денес се водичи, ментори и фасилитатори на учењето. Тие ја поттикнуваат самостојноста, критичкото мислење и креативноста кај учениците, им помагаат да стекнат вештини за учење, соработка и решавање проблеми.<br>Тие овозможуваат активно учење:<br>– креираат услови учениците самите да доаѓаат до знаење преку истражување, анализа и дискусија;<br>- мотивираат и инспирираат – го поттикнува интересот и љубопитноста кај учениците;<br>- поддржуваат индивидуален развој – се прилагодуваат на потребите и можностите на секое дете;<br>- развиваат вредности и одговорност – воспитуваат во духот на почит, соработка и граѓанска одговорност;<br>- оценуваат процес, не само резултат – следат напредок, а не само конечни оценки.<br>Наставникот не "предава" знаење како готова информација, туку ја олеснува неговата изградба кај учениците, градејќи средина каде тие учат со разбирање, искуство и поврзување со реалниот живот<br>Потоа тука е стручниот соработник (педагог). Педагогот е стручно лице кое го следи, унапредува и поддржува воспитно-образовниот процес, со фокус на психолошко-педагошкиот развој на учениците и унапредување на наставната практика. Родителите се изјасниле дека целосно се согласуваат дека училиштето се грижи за добросостојбата на нивното дете, а поголемиот дел од нив се изјасниле дека целосно се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете.<br>Покрај тоа, тој:<br>- Го следи развојот и напредокот на учениците – особено во однос на социјалните, емоционалните и училишните аспекти.<br>- соработува со наставниците – дава совети за наставни методи, диференцирана настава, дисциплина и мотивација. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Работи со родители – ги информира, ги советува и ги вклучува во воспитно - образовниот процес.<br>- Организира советувања и превентивни активности – за справување со стрес, конфликти, врсничко насилство и слично<br>- Поддржува ученици со тешкотии – во учењето, однесувањето или социјалната интеграција.<br>Воспитно - образовниот кадар со својата работа, стручна способност, искуство, внесува нови методи стратегии и техники на работа во наставата, придонесува за поголема успешност во остварувањето на дејноста.<br>Нема несоодветни наставници по ниту еден предмет. Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот и се вработува наставен кадар како замена. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставен кадар.<br>Наставниот кадар е восогласност со нормативите. Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, а за работа со деца со посебни образовни потреби, обезбедува образовни асистенти.<br>Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Најголем дел од родителите целосно се согласуваат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот.<br>Во училиштето добро се води сметка за финансиска поддршка за професионалниот развој на наставниците, за учество на семинари. Во Програмата за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците. Стручните активи на училиштето редовно се состануваат и соработуваат особено во делот на унапредување на професионалниот развој, организирање на нагледни часови и сл.<br>Наставниците од одделенска настава и предметните наставници кои предаваат во VI одделение, ја имаат следено обуката за Новата |

| | | |
|---|---|---|
| | | Концепцијата за основно образование. Тековно како се менуваат програмите во предметна настава, наставниците се обучуваат и спремаат за новите наставни програми. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен. Најголем дел од наставниците се изјасниле, целосно се согласуваат дека учествуваат во интерни и екстерни обуки и дисеминации, согласно нивните потреби. Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците. Наставниците имаат План за личен професионален развој, согласно Правилникот за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта и Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците, која, секоја година ја носи министерот за образование и наука.<br>Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот, педагогот, увид во планирањата, и преку активностите на стручните активи.<br>Во училиштето се води Професионално досие за секој наставник и стручниот соработник, како и Педагошки картон за секој наставник и за стручниот соработник, кој се ажурира секоја година.<br>Постои соработка со наставници од други основни училишта, факултети и невладини здруженија во општината и пошироко во земјава и од странство.<br>Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците. |

| | | |
|---|---|---|
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Следењето и унапредувањето на наставниот процес како динамичен и стратешки процес кој има за цел да го подигне нивото на образовните постигнувања и општата ефективност на наставата, опфаќа: планирање и организација на наставата, методи и техники на работа, се анализираат користените наставни методи (на пр. интерактивна, истражувачка, проектна настава) и нивната ефективност, вклученост на учениците, оценување и повратна информација, користење на ИКТ и наставни средства, се проценува како се користи технологијата за подобрување на наставата, стручното усовршување на наставниците, како идентификација на потреби за обуки, работилници или менторство.<br>Следењето и унапредувањето на наставниот процес како систематска и континуирана активност со која се анализира, оценува и подобрува квалитетот на наставата, е дел од работата на раководниот и стручниот кадар во училиштето.<br>Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие, податок кој го потврдуваат најголем дел од наставниците. За секој посетен час, директорот и педагогот даваат конструктивна повратна информација на секој наставник, тврдат голем дел од испитаниците. За следењето на наставниот час директорот и стручниот соработник-педагог, користат подготвени листи за проверка/протоколи, како подготовка за успешно следење на наставниот час, а како клучни елементи во следењето се следните: набљудување на часови, анализа на ученичките резултати – оценување, тестови, активности, разговори со ученици и наставници – за добивање повратни информации, обучување и советување на наставници – за нови методи и пристапи, планирање и подобрување на наставата според потребите на учениците. |

| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; план за следење и евалуација за реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците; записници од училишниот одбор, советот на родители, | Процедури за креирање на училишната политика | Креирањето на училишната политика обезбедува јасни насоки, правила и вредности врз кои се темели работата на училиштето. Овие политики го уредуваат однесувањето, работата и комуникацијата во училиштето и се основа за транспарентно и ефикасно функционирање.<br>Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика.<br>Нашето училиште се стреми да биде безбедно, поддржувачко и инклузивно место за сите ученици, каде што се негуваат вредности на недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование и почитување на различностите.<br>Посветени сме на меѓуетничката интеграција и креирање позитивна училишна клима, во која се промовира толеранција, соработка и почит меѓу учениците од различни заедници.<br><br>Како дел од воспитните активности, училиштето активно работи на превенција и намалување на насилството, како во самата училишна средина, така и во поширокото општество. Овие активности се реализираат преку соработка со родителите, релевантни институции и стручните служби, со цел создавање на безбедна и поддржувачка средина за сите ученици.<br><br>Посебен акцент се става на едукацијата за спречување семејно насилство, развивање на емпатија, како и поттикнување на ненасилна комуникација и мирно решавање на конфликти.<br><br>● Голем дел од наставниците и од родителите потврдиле дека со учениците се реализираат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање на конфликти.<br><br>● Висок процент од учениците целосно се согласуваат дека знаат |

| | | |
|---|---|---|
| | | како да постапат доколку сведочат или доживеат врсничко насилство.<br><br>● Дополнително, голем процент целосно се согласуваат, а помал процент од учениците, се согласуваат дека во училиштето се работи на решавање конфликти и спречување насилство.<br><br>Овие податоци укажуваат на позитивна клима и зголемена свест кај учениците, како и на вложени напори од страна на училиштето за изградба на безбедна и поддржувачка средина.<br><br>Училиштето спроведува активности за грижа за физичкото и менталното здравје на учениците, со фокус на здравата исхрана, редовна физичка активност и психо-социјална поддршка.<br>Во наставата и воннаставните активности се интегрирани теми од еколошко образование, со цел развој на еколошка свест и одговорност кај учениците. Истовремено, посебно внимание посветуваме на безбедноста на учениците, вклучително и:<br><br>● безбеден пристап до интернет и дигитална писменост,<br>● почитување на приватноста при користење фотографии,<br>● јасни правила за однесување и дисциплина,<br>● планови за евакуација при опасност<br><br>Следењето и оценувањето на учениците е усогласено со нивните индивидуални потреби, со цел обезбедување на објективна и правична евалуација. Училиштето активно работи на одржување редовна комуникација со родителите/старателите, како и на поттикнување на учениците кон постојано подобрување на постигнувањата. Според резултатите од анкетите 64,9% од учениците целосно се согласуваат, а 24,6% се согласуваат дека нивните родители/старатели редовно се информирани за нивниот напредок; 63,2% целосно се согласуваат, а 19,3% се согласуваат |

| | | |
|---|---|---|
| | | дека наставниците постојано ги охрабруваат да го подобрат својот успех; во однос на дополнителната поддршка, 42,1% од учениците целосно се согласуваат, а 35,1% се согласуваат дека, на свое барање, добиваат дополнителна настава кога имаат тешкотии со совладување на наставниот материјал. Овие податоци укажуваат на системски пристап кон индивидуализирана поддршка на учениците и активно вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес. Училиштето активно работи на промовирање на постигнувањата на учениците преку социјалните мрежи, јавни настапи, натпревари, изложби. Посебна грижа се води за учениците од социјално загрозени семејства, со вклучување во хуманитарни акции, доделување на помош и вклучување во сите училишни активности без разлика на нивната финансиска состојба.<br><br>Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, донесен од страна на Училишниот одбор. Развојната програма на училиштето како стратешки документ што ги утврдува долгорочните цели, визија, мисија и приоритети на училиштето, помага да се усогласи новата политика со долгорочниот правец на развој.<br><br>Годишната програма за работа на училиштето ги дефинира приоритетите и активностите за тековната учебна година. Политиката мора да се вклопи во реалните планови и ресурси на училиштето.<br><br>Извештајот од самоевалуација овозможува увид во силните и слабите страни на училиштето, врз основа на самостојно оценување и обезбедува конкретни области што треба да се подобрат преку креирање училишни политики.<br><br>Планот за следење и евалуација на акциските планови ја следи |

| | | |
|---|---|---|
| | | реализацијата на поставените активности и помага при мерење на ефективноста на веќе спроведени политики или иницијативи.<br><br>Анкети и интервјуа со директорот – обезбедуваат стратешки увид и лидерска перспектива. Со Стручните соработници (педагог) – нудат увид во потребите на учениците, наставниците и наставниот процес.<br><br>Наставниците – ги пренесуваат предизвиците и предлозите од наставната пракса.<br><br>Родителите – нудат надворешна перспектива и грижи поврзани со децата.<br><br>Учениците – важен увид за тоа како политиките ги засегаат токму нив.<br><br>Училишниот одбор – документ од формалните одлуки, дискусии и предлози.<br><br>Советот на родители – покажува ставови, поддршка или загрижености на родителите.<br><br>Наставнички совет – место каде се предлага, дискутира и согласува политиката од професионален аспект.<br><br>Училишната политика не е само формален документ, туку алатка з градење безбедна, правична и ефикасна училишна заедница. Во нашет училиште нејзиното креирање е инклузивно, транспарентно усогласено со законските норми и потребите на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| наставничкиот совет; интерни акти; програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; план за професионален развој; буџет и финансиски план на училиштето. | | |
| | Резултати од развојно планирање | Како резултат на реализираното развојно планирање, училиштето постигна видлив напредок во повеќе приоритетни области. Развојното планирање овозможи поставување на јасни цели, конкретни активности и мерливи индикатори за успех, што придонесе за подобрување на целокупниот квалитет на воспитно-образовната работа. Постигнати резултати:<br>Подобрена училишна клима – преку активности за меѓуетничка интеграција, превенција на насилство и промовирање на соработка и почит меѓу учениците.<br>Зголемена инклузивност – подобрени пристапи за вклучување на ученици со посебни образовни потреби и поддршка на ученици од социјално загрозени семејства.<br>Засилена комуникација со родителите – преку работилници, отворени денови и вклучување во донесување одлуки преку Советот на родители<br>Поголема мотивација и вклученост на учениците – преку натпревари, проекти, креативни работилници и промоција на ученички постигнувања. Подобрено следење и оценување – унапредени |

| | |
|---|---|
| | пристапи во евалуацијата на постигањата и навремена повратна информација.<br>Ефикасна примена на политики – донесени и имплементирани училишни политики за безбедност, дисциплина, дигитална заштита и заштита на лични податоци.<br>Унапредена материјално-техничка средина – обезбедување наставни средства, ИКТ опрема.<br>Поголема мотивација и вклученост на учениците – преку натпревари, Развојното планирање придонесе за поорганизирано, поусогласено и поефикасно функционирање на училиштето. Со редовно следење на плановите и вклученост на сите чинители, училиштето создаде основа за одржлив развој и подобрување на квалитетот на образованието. |
| Планирање и управување со училишниот буџет | Училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето. Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај, кој се доставува до Советот на општината, по претходно разгледување од страна на Училишниот одбор. Училиштето покрај буџетска има и сопствена сметка.<br>Приходи на сопствената сметка се остваруваат од издавање под закуп на училишната спортска сала и делот од земјиштето од училишниот имот, коешто е регулирано согласно закон.<br>Училиштето остварува средства и од донации од општествено одговорни јавни претпријатија и компании. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Раководниот орган транспарентно и наменски ги насочува средствата од буџетот. Постои документација за начинот на спроведување на јавните набавки со поголема вредност која се реализира преку општина Струга.<br>Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници 24.2 % одговориле дека немаат информации за тоа и 46,9 % од родителите се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот. |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

**Опис/резиме на подрачјето**

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Во текот на самоевалуациskиот период, беше утврдено дека училиштето има воспоставени основни механизми за управување и раководење.

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Најголем број од родителите (40,6 %) се согласуваат дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.

Раководниот орган - директорот, има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Ја извршува својата функција во согласност со законската регулатива и се стреми кон инклузивен пристап при донесување одлуки. Наставниот кадар е вклучен во процесите преку активна работа на стручните активи, комисии и тимови а учениците и родителите се информирани за одлуките преку родителски средби, известувања на социјалните медиуми, локални портали и советувања**.** Работи тимски при процесот на креирање политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште, редовно и транспарентно. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри.

Најголем дел од наставниците 51,5 % се изјасниле дека училиштето многу добро планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.

Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручнен соработник педагог. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Обезбедувањето на наставен кадар е многу добро. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж, за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.

Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели, план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.

Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

**Силни страни**

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри. Училиштето бележи значителен напредок во однос на техничката и материјалната опременост, што директно придонесува за подобрување на наставниот процес и административната ефикасност. Оваа технолошка надградба овозможува современ и интерактивен пристап во наставата, подобра интернет-поврзаност, зголемена безбедност и поефикасно одржување на училишната средина

Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Најголем дел од родителите сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика.

**Слаби страни**

Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците
Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа
определен процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како
се троши буџетот.

**Приоритети**

Ревидирање на Правилникот за оддавање признанија на наставниците и негова оримена.

Откривање на начин на информирање на сите чинители во училиштето за тоа како се троши буџетот.
Преземање мерки и активности за санирање на кровот.
Преземање на мерки и активности на училиштето за подобрување на енергетската ефикасност на училишните зграда во централното и подрачните училишта.

## Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

**Анкета за ученици**

| | Анкета за ученици (анкетирани се 57 ученици) Подрачје 1 | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.) | 29 (50.9%) | 19 (33.3%) | 8 (14%) | 0% | 1 (1.8%) |
| 1.2 | Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси. | 33 (57.9%) | 12 (21.1%) | 7 (12.3%) | 3 (5.3%) | 2 (3.5%) |
| 1.3 | На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) | 32 (56.1%) | 19 (33.3%) | 6 (10.5%) | 0% | 0% |
| 1.4 | Наставниците ја прават содржината од предметите интересна. | 39 (68.4%) | 12 (21.1%) | 5 (8.8%) | 1 (1.8%) | 0% |
| 1.5 | На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи). | 30 (52.6%) | 20 (35.1%) | 5 (8.8%) | 0% | 2 (3.5%) |
| 1.6 | Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари. | 24 (42.1%) | 20 (35.1%) | 6 (10.5%) | 3 (5.3%) | 4 (7%) |
| 1.7 | Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти | 33 (57.9%) | 17 (29.8%) | 6 (10.5%) | 0% | 1 (1.8%) |
| 1.8 | Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена. | 35 (61.4%) | 20 (35.1%) | 2 (3.5%) | 0% | 0% |
| 1.9 | Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена. | 35 (61.4%) | 19 (33.3%) | 2 (3.5%) | 1 (1.8%) | 0% |
| 1.10 | Оценувањето на сите ученици е праведно. | 34 (59.6%) | 10 (17.5%) | 10 (17.5%) | 1 (1.8%) | 2 (3.5%) |
| 1.11 | Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување. | 39 (68.4%) | 15 (26.3%) | 2 (3.5%) | 0% | 1 (1.8%) |
| 1.12 | Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.). | 40 (70.2%) | 15 (26.3%) | 2 (3.5%) | 0% | 0% |
| 1.13 | Наставниците ме пофалуваат за мојот труд | 37 (64.9%) | 16 (28.1%) | 4 (7%) | 0% | 0% |
| 1.14 | Наставниците ме пофалуваат за моите резултати | 40 (70.2%) | 13 (22.8%) | 4 (7%) | 0% | 0% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.15 | Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците | 44 (77.2%) | 12 (21.1%) | 1 (1.8%) | 0% | 0% |
| 1.16 | На часовите можам слободно да кажам што мислам | 32 (56.1%) | 15 (26.3%) | 5 (8.8%) | 5 (8.8%) | 0% |
| 1.17 | Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции) | 25 (43.9%) | 20 (35.1%) | 4 (7%) | 4 (7%) | 4 (7%) |
| 1.18 | Се вклучувам во воннаставните активности по мој избор. | 29 (50.9%) | 21 (36.8%) | 2 (3.5%) | 3 (5.3%) | 2 (3.5%) |
| 1.19 | Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности. | 25 (43.9%) | 24 (42.1%) | 7 (12.3%) | 0% | 1 (1.8%) |
| 1.20 | Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште) | 22 (38.6%) | 27 (47.4%) | 5 (8.8%) | 1 (1.8%) | 2 (3.5%) |
| | Анкета за ученици (анкетирани се 57 ученици) Подрачје 2 | ***Целосно се согласув ам*** | ***Се согласува м*** | ***Не се согласува м*** | ***Целосно не се согласува м*** | ***Не знам/ Немам информа ција*** |
| 2.1 | Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште. | 37 (64.9%) | 14 (24.6%) | 3 (5.3%) | 0% | 3 (5.3%) |
| 2.2 | Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех. | 36 (63.2%) | 11 (19.3%) | 9 (15.8%) | 1 (1.8%) | 0% |
| 2.3 | Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава | 24 (42.1%) | 20 (35.1%) | 8 (14%) | 4 (7%) | 1 (1.8%) |
| 2.4 | Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини | 42 (73.7%) | 10 (17.5%) | 5 (8.8%) | 0% | 0% |
| 2.5 | Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови. | 27 (47.4%) | 15 (26.3%) | 11 (19.3%) | 2 (3.5%) | 2 (3.5%) |
| | Анкета за ученици (анкетирани се 57 ученици) Подрачје 3 | ***Целосно се согласув ам*** | ***Се согласува м*** | ***Не се согласува м*** | ***Целосно не се согласува м*** | ***Не знам/ Немам информа ција*** |
| 3.1 | Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно. | 34 (59.6%) | 16 (28.1%) | 3 (5.3%) | 2 (3.5%) | 2 (3.5%) |
| 3.2 | Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици. | 40 (70.2%) | 11 (19.3%) | 2 (3.5%) | 0% | 4 (7%) |
| 3.3 | Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците | 37 (64.9%) | 12 (21.1%) | 7 (12.3%) | 0% | 1 (1.8%) |
| 3.4 | Сакам да одам на училиште | 30 (52.6%) | 19 (33.3%) | 2 (3.5%) | 5 (8.8%) | 1 (1.8%) |
| 3.5 | Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми | 34 (59.6%) | 14 (24.6%) | 5 (8.8%) | 4 (7%) | 0% |
| 3.6 | Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме | 31 (54.4%) | 21 (36.8%) | 3 (5.3%) | 1 (1.8%) | 1 (1.8%) |
| 3.7 | Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето. | 40 (70.2%) | 8 (14%) | 3 (5.3%) | 2 (3.5%) | 4 (7%) |
| 3.8 | Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици | 40 (70.2%) | 8 (14%) | 5 (8.8%) | 2 (3.5%) | 2 (3.5%) |
| 3.9 | Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици | 38 (66.7%) | 16 (28.1%) | 1 (1.8%) | 0% | 2 (3.5%) |
| 3.10 | Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, | 40 (70.2%) | 16 (28.1%) | 1 (1.8%) | 0% | 0% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | одговарање), како и другите ученици | | | | | |
| 3.11 | Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето. | 24 (42.1%) | 30 (52.6%) | 2 (3.5%) | 0% | 1 (1.8%) |
| 3.12 | Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права | 44 (77.2%) | 9 (15.8%) | 4 (7%) | 0% | 0% |
| 3.13 | Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник | 40 (70.2%) | 15 (26.3%) | 2 (3.5%) | 0% | 0% |
| 3.14 | Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето | 36 (63.2%) | 16 (28.1%) | 3 (5.3%) | 0% | 2 (3.5%) |
| 3.15 | Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем | 36 (63.2%) | 14 (24.6%) | 3 (5.3%) | 2 (3.5%) | 2 (3.5%) |
| 3.16 | Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето | 44 (77.2%) | 11 (19.3%) | 1 (1.8%) | 0% | 1 (1.8%) |
| 3.17 | Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство | 32 (56.1%) | 22 (38.6%) | 2 (3.5%) | 0% | 1 (1.8%) |
| 3.18 | Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. | 27 (47.4%) | 21 (36.8%) | 5 (8.8%) | 1 (1.8%) | 3 (5.3%) |
| | Анкета за ученици (анкетирани се 57 ученици) Подрачје 4 | ***Целосно се согласувам*** | ***Се согласувам*** | ***Не се согласувам*** | ***Целосно не се согласувам*** | ***Не знам/ Немам информација*** |
| 3.19 | Училиштето е чисто и уредно | 35 (61.4%) | 12 (21.1%) | 6 (10.5%) | 3 (5.3%) | 1 (1.8%) |
| 4.1 | Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период. | 24 (42.1%) | 20 (35.1%) | 10 (17.5%) | 2 (3.5%) | 1 (1.8%) |
| 4.2 | Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време. | 41 (71.9%) | 11 (19.3%) | 5 (8.8%) | 0% | 0% |
| 4.3 | Библиотеката/медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера. | 16 (28.1%) | 19 (33.3%) | 10 (17.5%) | 10 (17.5%) | 2 (3.5%) |
| | Дали некој несоодветно се однесувал кон тебе на училиште | НЕ 51 (89.5%) | | | ДА 6 (10.5) | |

## **Анкета за родители**

| | Анкета за родители (анкетирани се 96 родители) Подрачје 1 | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот | 79 (82.3%) | 17 (17.7%) | 0% | 0% | 0% |
| 1.2 | Запознаен/а сум со со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности | 65 (67.7%) | 24 (25%) | 3 (3.1%) | 1 (1%) | 3 (3.1%) |
| 1.3 | Изборните предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси | 53 (55.2%) | 32 (33.3%) | 1 (1%) | 5 (5.2%) | 5 (5.2%) |
| 1.4 | Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете | 61 (63.5%) | 30 (31.3%) | 3 (3.1%) | 1 (1%) | 1 (1%) |
| 1.5 | Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите | 77 (80.2%) | 16 (16.7%) | 0% | 0% | 3 (3.1%) |
| 1.6 | На моето дете повеќето часови му се интересни | 59 (61.5%) | 34 (35.4%) | 2 (2.1%) | 1 (1%) | 0% |
| 1.7 | Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици | 37 (38.5%) | 30 (31.3%) | 8 (8.3%) | 2 (2.1%) | 19 (19.8%) |
| 1.8 | Училиштето го чувствувам како безбедна | 64 | 29 | 3 (3.1%) | 0% | 0% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | средина за моето дете | (66.7%) | (30.2%) | | | |
| 1.9 | Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете | 62 (64.6%) | 29 (30.2%) | 4 (4.2%) | 0% | 1 (1%) |
| 1.10 | Моето дете во училиштато има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) | 30 (31.3%) | 50 (52.1%) | 8 (8.3%) | 4 (4.2%) | 4 (4.2%) |
| 1.11 | Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати | 63 (65.6%) | 26 (27.1%) | 3 (3.1%) | 1 (1%) | 3 (3.1%) |
| 1.12 | Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд | 64 (66.7%) | 26 (27.1%) | 4 (4.2%) | 0% | 2 (2.1%) |
| 1.13 | Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи | 69 (71.9%) | 21 (21.9%) | 4 (4.2%) | 1 (1%) | 1 (1%) |
| 1.14 | Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година) | 78 (81.3%) | 14 (13.5%) | 3 (3.1%) | 1 (1%) | 1 (1%) |
| 1.15 | Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете | 65 (67.7%) | 28 (29.2%) | 2 (2.1%) | 1 (1%) | 0% |
| 1.16 | Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет | 47 (49%) | 34 (35.4%) | 7 (7.3%) | 2 (2.1%) | 6 (6.3%) |
| 1.17 | Училиштето нуди избор на различни вонннаставни активности (клубови, проекти и сл.) | 20 (20.8%) | 41 (42.7%) | 14 (14.6) | 8 (8.3%) | 13 (13.5%) |
| 1.18 | Моето дете е вклучено во вонннаставни активности, според сопствениот интерес | 34 (35.4%) | 34 (35.4%) | 9 (9.4%) | 6 (6.3%) | 13 (13.5%) |
| | Анкета за родители (анкетирани се 96 родители) Подрачје 2 | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
| 2.1 | Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете | 64 (66.7%) | 18 (18.8%) | 6 (6.3%) | 1 (1%) | 7 (7.3%) |
| 2.2 | Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете | 62 (64.6%) | 27 (28.1%) | 3 (3.1%) | 1(1%) | 3 (3.1%) |
| 2.3 | Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете | 78 (81.3%) | 16 (16.7%) | 1 (1%) | 0% | 1 (1%) |
| 2.4 | На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа | 39 (40.6%) | 32 (33.3%) | 9 (9.4%) | 2 (2.1%) | 14 (14.6%) |
| | Анкета за родители (анкетирани се 96 родители) Подрачје 3 | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
| 3.1 | Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето | 67 (69.8%) | 26 (27.1%) | 2 (2.1%) | 0% | 1 (1%) |
| 3.2 | Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување | 40 (41.7%) | 36 (37.5%) | 9 (9.4%) | 2 (2.1%) | 9 (9.4%) |
| 3.3 | Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците | 80 (83.3%) | 15 (15.6%) | 1 (1%) | 0% | 0% |
| 3.4 | Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците | 75 (78.1%) | 19 (19.8%) | 1 (1%) | 0% | 1 (1%) |
| 3.5 | Моето дете сака да оди на училиште | 83 (86.5%) | 13 (13.5%) | 0% | 0% | 0% |
| 3.6 | Училиштето добро се справува со дисциплината | 59 (61.5%) | 31 (32.3%) | 3 (3.1%) | 3 (3.1%) | 0% |
| 3.7 | Сум бил/а вклучен/а во активности за | 31 | 32 | 14 | 3 | 16 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | запознавање со правата на децата, организирани од училиштето | (32.3%) | (33.3%) | (14.6%) | (3.1%) | (16.7%) |
| 3.8 | Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици | 75 (78.1%) | 21 (21.9%) | 0% | 0% | 0% |
| 3.9 | Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици | 69 (71.9%) | 22 (22.9%) | 1 (1%) | 0% | 4 (4.2%) |
| 3.10 | Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго. | 80 (83.3%) | 15 (15.6%) | 0% | 1 (1%) | 0% |
| 3.11 | Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците | 58 (60.4%) | 31 (32.3%) | 2 (2.1%) | 0% | 5 (5.2%) |
| 3.12 | Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето | 49 (51%) | 39 (40.6%) | 5 (5.2%) | 1 (1%) | 2 (2.1%) |
| 3.13 | Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство | 46 (47.9%) | 29 (30.2%) | 5 (5.2%) | 3 (3.1%) | 13 (13.5%) |
| 3.14 | Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти | 35 (36.5%) | 39 (40.6%) | 4 (4.2%) | 1 (1%) | 17 (17.7%) |
| 3.15 | Училиштето добро се справува при појава на насилство | 42 (43.8%) | 36 (37.5%) | 2 (2.1%) | 1 (1%) | 15 (15.6%) |
| 3.16 | Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога | 53 (55.2%) | 27 (28.1%) | 4 (4.2%) | 0% | 12 (12.5%) |
| 3.17 | Хигиената во училиштето е на високо ниво | 37 (38.5%) | 42 (43.8%) | 7 (7.3%) | 7 (7.3%) | 3 (3.1%) |
| 3.18 | Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете | 60 (62.5%) | 33 (34.4%) | 3 (3.1%) | 0% | 0% |
| 3.19 | Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете | 55 (57.3%) | 36 (37.5%) | 3 (3.1%) | 1 (1%) | 1 (1%) |
| 3.20 | Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците | 48 (50%) | 31 (32.3%) | 2 (2.1%) | 5 (5.2%) | 10 (10.4%) |
| | Анкета за родители (анкетирани се 96 родители) Подрачје 4 | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
| 4.1 | Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето | 40 (41.7%) | 33 (34.4%) | 9 (9.4%) | 4 (4.2%) | 10 (10.4%) |
| 4.2 | Информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период | 24 (25%) | 35 (36.5%) | 14 (14.6%) | 6 (6.3%) | 17 (17.7%) |
| 4.3 | Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки | 39 (40.6%) | 25 (26%) | 12 (12.5%) | 8 (8.3%) | 12 (12.5%) |
| 4.4 | Училишната библиотека е достапна за сите ученици | 49 (51%) | 33 (34.4%) | 7 (7.3%) | 2 (2.1%) | 5 (5.2%) |
| 4.5 | Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен | 55 (57.3%) | 35 (36.5%) | 3 (3.1%) | 1 (1%) | 2 (2.1%) |
| 4.6 | Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето | 11 (11.5%) | 13 (13.5%) | 13 (13.5%) | 14 (14.6%) | 45 (46.9%) |

## Анкета за наставен кадар

| Анкета за наставен кадар ( анкетирани се 33 наставници)<br>Подрачје 1 | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|
| Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. | 19 (57.6%) | 13 (39,4%) | 0% | 1 (3%) | 0% |
| Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието. | 13 (39.4%) | 19 (57.6%) | 0% | 0% | 1 (3%) |
| Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети | 11 (33.3%) | 18 (54.5%) | 3 (9.1%) | 1 (3%) | 0% |
| Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието | 9 (27.3%) | 21 (63.6%) | 3 (9.1%) | 0% | 0% |
| Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците | 17 (51.5%) | 13 (39.4%) | 3 (9.1%) | 0% | 0% |
| Во наставата користам различни ресурси за учење и настава | 19 (57.6%) | 13 (39.4%) | 1 (3%) | 0% | 0% |
| Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми | 13 (39.4%) | 19 (57.6%) | 1 (3%) | 0% | 0% |
| Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе | 30 (90.9%) | 3 (9.1%) | 0% | 0% | 0% |
| На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив | 22 (66.7%) | 11 (33.3%) | 0% | 0% | 0% |
| Кон учениците се однесувам со почитување | 29 (87.9%) | 4 (12.1%) | 0% | 0% | 0% |
| Ги разбирам проблемите и потребите на учениците | 27 (87.1%) | 6 (18.2%) | 0% | 0% | 0% |
| Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор | 13 (39.4%) | 18 (54.5%) | 2 (6.1%) | 0% | 0% |
| Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план | 12 (36.4%) | 20 (60.6%) | 1 (3%) | 0% | 0% |
| Успешно соработувам со образовните асистенти | 10 (30.3%) | 14 (42.4%) | 3 (9.1%) | 0% | 6 (18.2%) |
| Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати | 29 (87.9%) | 4 (11.1%) | 0% | 0% | 0% |
| Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд | 28 (84.8%) | 5 (15.2%) | 0% | 0% | 0% |
| На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања | 26 (78.8%) | 7 (21.2%) | 0% | 0% | 0% |
| Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките | 25 (75.8%) | 8 (24.2%) | 0% | 0% | 0% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| На учениците им давам насоки како поуспешно да учат | 27 (81.8%) | 6 (18.2%) | 0% | 0% | 0% |
| Применувам различни начини на оценување на учениците | 25 (75.8%) | 7 (21.2%) | 1 (3%) | 0% | 0% |
| Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.). | 16 (48.5%) | 15 (45.5%) | 2 (6.1%) | 0% | 0% |
| Планот за воннаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците. | 5 (15.2%) | 18 (54.5%) | 8 (24.2%) | 2 (6.1%) | 0% |
| Анкета за наставен кадар<br>Подрачје 2 | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
| Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето | 26 (78.8%) | 7 (21.2%) | 0% | 0% | 0% |
| Успевам да ги идентификувам надарените ученици | 28 (84.8%) | 5 (15.2%) | 0% | 0% | 0% |
| Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети | 14 (42.4%) | 13 (39.4%) | 6 (18.2%) | 0% | 0% |
| На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето | 19 (57.6%) | 11 (33.3%) | 1 (3%) | 0% | 2 (6.1%) |
| Анкета за наставен кадар<br>Подрачје 3 | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
| Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето | 8 (24.2%) | 13 (39.4%) | 8 (24.2%) | 1 (3%) | 3 (9.1%) |
| Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување | 16 (48.5%) | 16 (48.5) | 0% | 0% | 1 (3%) |
| Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка. | 15 (45.5%) | 16 (48.5) | 2 (6.1%) | 0% | 0% |
| За време на моите часови има добра работна атмосфера | 25 (75.8%) | 8 (24.2%) | 0% | 0% | 0% |
| Добро соработувам со колегите во училиштето | 22 (66.7%) | 9 (27.3%) | 2 (6.1%) | 0% | 0% |
| Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти | 20 (60.6%) | 12 (36.4%) | 1 (3%) | 0% | 0% |
| Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство | 17 (51.5%) | 14 (42.4%) | 1 (3%) | 0% | 1 (3%) |
| Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес | 22 (66.7%) | 11 (33.3) | 0% | 0% | 0% |
| Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата | 4 (12.1%) | 18 (54.5%) | 7 (21.2%) | 0% | 4 (12.1%) |
| На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на | 12 (36.4%) | 19 (57.6%) | 1 (3%) | 0% | 1 (3%) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| нивните права кои постојат во училиштето | | | | | |
| Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман | 20 (60.6%) | 12 (36.4%) | 0% | 0% | 1 (3%) |
| Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности | 17 (51.5%) | 14 (42.4%) | 0% | 0% | 2 (6.1%) |
| Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето | 12 (36.4%) | 16 (48.5%) | 3 (9.1%) | 0% | 2 (6.1%) |
| Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес | 14 (42.4%) | 17 (51.5%) | 1 (3%) | 0% | 1 (3%) |
| Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата | 12 (36.4%) | 14 (42.4%) | 2 (6.1%) | 0% | 5 (15.2%) |
| Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење.алкохол и дрога | 13 (39.4%) | 13 (39.4%) | 3 (9.1%) | 0% | 4 (12.1%) |
| Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите | 17 (51.5%) | 15 (45.5%) | 0% | 0% | 1 (3%) |
| Анкета за наставен кадар<br>Подрачје 4 | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
| Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање | 14 (42.4%) | 18 (54.5%) | 0% | 0% | 1 (3%) |
| Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки | 17 (51.5%) | 15 (45.5%) | 0% | 0% | 1 (3%) |
| Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и вонннаставните активности | 10 (30.3%) | 17 (51.5%) | 5 (15.2%) | 1 (3%) | 0% |
| Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби | 9 (27.3%) | 22 (66.7%) | 1 (3%) | 0% | 1 (3%) |
| Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие | 7 (21.2%) | 18 (54.5%) | 5 (15.2%) | 1 (3%) | 2 (6.1%) |
| За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација | 10 (30.3%) | 15 (45.5%) | 1 (3%) | 1 (3%) | 6 (18.2%) |
| Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам | 15 (45.5%) | 16 (48.5%) | 2 (6.1%) | 0% | 0% |
| Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците | 6 (18.2%) | 22 (66.7%) | 3 (9.1%) | 0% | 2 (6.1%) |
| Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето | 5 (15.2%) | 13 (39.4%) | 6 (18.2%) | 1 (3%) | 8 (24.2%) |

Подрачје 1

1.1. Опишете како се одвива процесот на професионален развој на наставниците за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.

Процесот на професионален развој на наставниците за примена на современи методи и техники на планирање на наставата се одвива низ неколку клучни чекори кои вклучуваат континуирана едукација, внатрешна и надворешна обука, размена на искуства и поддршка од страна на училиштето и институциите МОН, БРО и сл.

a. Како училиштето обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата?
   - Организирање на интерни работилници и семинари.
   - Учество на наставниците во акредитирани обуки од Бирото за развој на образованието и други овластени институции.
   - Следење и анализа на сопствената пракса преку рефлексија, наставна посета и повратна информација од колеги и стручната служба.
   - Вклучување во проекти и соработка со други училишта и организации кои промовираат иновативни пристапи во наставата.

b. Дали има пракса да се врши дисеминација на основните обуки на останатите наставници и стручни соработници?

   Да, во училиштето постои воспоставена пракса на дисеминација на знаења и вештини добиени на обуки, и тоа преку:

- Презентации на училишни активи или наставнички совети, каде обучените наставници ги споделуваат новите информации со колегите.
- Организирање на мини-обуки или практични работилници на ниво на училиште.
- Размена на наставни материјали, примери на добри практики и шаблони за планирање.
- Менторска поддршка од страна на обучените наставници кон другите членови на тимот.

1.2. Каков е процесот на планирање и следење на планирањата на наставниците?

Процесот на планирање и следење на планирањата на наставниците е организиран и структуриран процес кој има за цел да обезбеди квалитетна, современа и усогласена настава со наставните програми и потребите на учениците.

a. Како вообичаено наставниците ги подготвуваат планирањата на наставата? (индивидуално, стручни активи, регионални/меѓународни искуства)

   Наставниците ги подготвуваат планирањата на следниов начин:

- Индивидуално, врз основа на наставната програма, резултатите од евалуација на учениците и личните пристапи во наставата.
- Во рамки на стручните активи, каде се координираат ставовите за пристапот, методите и техниките, како и временската распределба.
- Со користење на регионални и меѓународни искуства, преку учество во проекти, семинари и користење на едукативни платформи, се внесуваат иновативни пристапи во планирањето.

b. Кој ги следи планирањата? Колку често?

Планирањата ги следат: директорот, педагогот. На почетокот од учебната година се врши преглед на тематските планирања. Додека сценаријата за час и дневните подготовки се следат тековно.

c. Како се дава поддршка за подобрување?

- Преку конструктивна повратна информација од страна на стручната служба и директорот по прегледот на плановите.

- Менторска поддршка од поискусни наставници или обучени координатори на активи.

d. Според Вас, какви се ефектите од овој процес во наставата?

- Се обезбедува усогласеност и континуитет во наставата помеѓу различни наставници и одделенија.
- Се поттикнува повисоко ниво на професионализам и одговорност кај наставниците.
- Се зголемува квалитетот на наставата преку подобро прилагодување на наставните содржини кон интересите и потребите на учениците.
- Преку следење и поддршка се унапредува интерактивноста и ефективноста на наставата, како и постигнувањата на учениците.

1.3. Како училиштето се одвива наставата во случај на отсуство на наставник?

Во случаи на отсуство на наставник, училиштето спроведува јасно утврдена постапка за да се обезбеди континуитет во наставниот процес и минимизираат прекините во работата со учениците. Постапката најчесто вклучува:

- Навремено известување на директорот и стручната служба за отсуството на наставникот, со цел организирање на замена.
- Ангажирање на друг наставник од училиштето кој има соодветна стручност или е од сродна наставна област, согласно распоредот.
- Во случаи на подолготрајно отсуство, училиштето може да ангажира наставник со договор на определено време, доколку се добие согласност од надлежните институции.
- Ако наставникот однапред знае дека ќе отсуствува, обично подготвува материјали или наставни упатства што ги користи заменскиот наставник или педагогот за да се одржи квалитетот на наставата.

1.4. Како се одвива процесот на понудување и избор на слободни изборни активности и предмети? Колку учениците имаат можност да посетуваат (слободни) изборни предмети и активности согласно сопствениот избор/интерес?

Процесот се одвива според водичот за слободни изборни предмети, односно со анкетни прашалници за учениците и родителите. Бидејќи се работи за помал број на ученици, најчесто училиштето „наметнува“ слободни изборни предмети односно иако формално постои процес на избор на слободни изборни предмети од страна на учениците, во пракса често се случува изборот да биде ограничен или однапред определен од страна на училиштето. Ова најчесто произлегува од потребата да се обезбеди полн фонд на часови за наставниците, па изборните предмети се определуваат според кадарот што е достапен и компетентен, а не според анализата на интересите на учениците.

Како резултат на тоа:

- Учениците често немаат реална можност за избор, туку се распределуваат во групи по однапред утврдени предмети.
- Се губи воспитно-образовната цел на изборните предмети – поттикнување на самостојност, креативност и развој на личните интереси.
- Се создава формализам, каде изборниот предмет се гледа како обврска, а не како можност за личен напредок.

1.5. Како вообичаено се одвиваат наставните часови?

Наставните часови се реализираат според наставниот план и програма, со примена на класични и делумно современи наставни пристапи. Степенот на ангажираност на учениците, разновидноста на методите и адаптацијата на наставата зависи од професионалниот капацитет и подготвеност на наставникот, како и од условите во кои се одвива наставата.

a. Согласно информациите кои ги имате од следење на часовите, колку сметате дека наставниците успеваат да ги приспособат задачите и активностите на

индивидуалните образовни потреби на учениците? На кој начин го прават тоа? Колку разлики има помеѓу наставниците?

- Дел од наставниците успешно прават адаптација на наставата според индивидуалните потреби преку:
- диференцирани задачи според ниво на знаење;
- индивидуална поддршка за ученици со потешкотии;
- подготвување дополнителни објаснувања или визуелни материјали;
- примена на индивидуални или парови задачи;
- Сепак, има забележливи разлики меѓу наставниците – некои покажуваат поголема чувствителност и креативност, додека други остануваат при фронтална, унифицирана настава.
- Приспособување на наставата најчесто се случува спонтано, врз основа на лично искуство, отколку како дел од системски планиран пристап.

b. Какви ресурси вообичаено користат наставниците за реализирање на наставата?

Наставниците вообичаено користат комбинација од традиционални и современи наставни ресурси, во зависност од предметот, техничките услови и нивото на дигитална писменост. Најчесто користени ресурси се:

- Учебници и работни тетратки
- Презентации (PowerPoint)
- Интерактивни материјали
- Дидактички средства – карти, табели, модели, флеш-картички, конкретни предмети (особено во природни науки и одделенска настава);
- Дигитални алатки и платформи – Kahoot, Quizizz, Google Forms, YouTube, и слично, главно користени од наставници кои биле дел од обуки или проекти;
- Табла и фломастери/креди – сè уште се основен алат во многу училници, особено каде нема технички услови;
- Материјали подготвени од наставниците – работни листови, тестови, постери и презентации изработени специјално за темите;
- ИКТ опрема (таму каде што е достапна) – компјутери, проектори, паметни табли, таблети.

Недостатокот на современи ИКТ-ресурси во дел од училниците сè уште е ограничувачки фактор за редовна примена на иновативни и интерактивни ресурси.

c. Колку често се користат современи приоди во наставата (на пр. искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн.)? Колку од наставниците од вашето училиште избираат и применуваат методи и техники кои овозможуваат интеракција помеѓу учениците и слободно изразување?

Современите приоди во наставата – како што се искуствено учење, проектна настава, истражувачки активности, учење преку игра, решавање на проблеми и користење на дигитални алатки – се користат во ограничен обем и нерамномерно помеѓу наставниците.

Современи приоди како искуствено учење, учење преку проект, игра, истражување и решавање проблеми се применуваат, но повеќе формално отколку суштински.

Дел од наставниците, особено оние вклучени во обуки или проекти, редовно применуваат активни и интерактивни методи.

Поголемиот дел наставници се уште применуваат класичен фронтален пристап, на поголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот.

Иако постои свест за вредноста на овие методи, недостигот на време, ресурси, обука и соработка често се пречка за нивна поширока и доследна примена во училиштето.

d. Колку од наставниците од вашето училиште обезбедуваат еднакви можности за вклучување на на сите ученици за време на наставните часови? Какви методи и техники користат наставниците во работата со учениците со ПОП?

Наставниците во најголем дел се обидуваат да создадат инклузивна атмосфера, но успешноста зависи од нивната подготвеност.
За учениците со ПОП, се применуваат:

- адаптирани задачи;
- поддршка од образовен асистент во учебната 2024/2025 не е обезбедена.
- едноставен јазик, визуелизации, повремена работа во парови;

Најголем дел од наставниците не се доволно обучени за работа со ученици со ПОП, па има потреба од дополнителна поддршка и обуки.

e. Како е организирана дополнителната и додатната настава во училиштето?

Дополнителната и додатната настава се организира:

- еднаш до двапати неделно, според распоред и план на секој наставник;
- во мали групи или индивидуално, според потребите;
- во координација со стручната служба, која предлага ученици за вклучување;

1.6. Како ја проценувате образовната инклузија во училиштето?

Образовната инклузија во училиштето е процес во развој. Се преземаат активности за создавање инклузивна клима, но сè уште постојат предизвици поврзани со континуитет, стручна поддршка и ресурси.

a. Дали имате формирано инклузивен тим на училиштето и инклузивен тим за ученици? Како функционираат? Со кои предизвици се соочуваат?

Училиштето има формирано инклузивен тим на ниво на училиште за ученици со посебни образовни потреби (ПОП), согласно законските обврски.
Тимот е активен при изготвување на план за работа. Бидејќи ученичката со ПОП учи во ПУ Мороишта, тимот делумно функционира бидејќи училиштето се соучува со:

- Недоволен број на стручни лица, особено специјални едукатори;
- Висока административна ангажираност на наставниците;
- Недостиг на континуирана обука за работа во инклузивна настава;
- Ограничена соработка со надворешни институции поради ресурсни ограничувања.

b. Како се одвива процесот на изготвување, примена и следење на индивидуалните образовни планови?

Процесот започнува со идентификација на потребите на ученикот, по што се оформува тим за ИОП.
Се изготвува ИОП во согласност со препораките на стручната служба и ресурсниот центар, со дефинирани цели, активности и критериуми за оценување.
Следењето се врши периодично, од страна на тимот, со можност за ревизија на ИОП според напредокот на ученикот.

c. Каква е соработката со надлежниот ресурсен центар? Со образовните асистенти?

Во учебната 2023/2024 година на ученикот му беше доделен образовен асистен, кој даваше секојдневна поддршка во наставата и вонаставните активности. Во учебната 2024/2025 година на ученикот не му беше доделен образовен асистент и покрај потребата. Дополнително, ученикот следи настава во подрачно училиште, што дополнително го отежнува процесот на поддршка и спроведување на индивидуалниот образовен план (ИОП). Во училиштето од стручна служба има само педагог кој е на замена, што го отежнува редовното следење, прилагодување и евалуација на ИОП.

1.7. Како ја проценувате меѓуетничката интеграција во училиштето?

Меѓуетничката интеграција во училиштето е дел од воспитно-образовниот процес и се третира

како важен аспект од градењето демократска, инклузивна и толерантна средина. Се реализира преку формални и неформални активности, но ефективноста зависи од вклученоста на сите засегнати страни, поддршката од институции и контекстот во кој функционира училиштето.

a. Дали имате формиран Тим за училишна интеграција (ТУИ)? Како функционира? Со кои предизвици се соочува?

Да, во нашето училиште е формиран Тим за училишна интеграција.
Функционирање:

- Се изработуваат индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците на кои им е потребна адаптација на наставата.
- Се врши координација помеѓу наставниците, родителите и стручната служба за следење на напредокот на учениците.

Предизвици:

- Недоволен број на стручни кадри и образовен асистент во наставата.
- Ограничени ресурси (наставни помагала, простор, ИКТ-опрема).
- Недоволна стручна подготвеност на наставниците за работа со деца со посебни образовни потреби.
- Слаба соработка или отпор од страна на родителите во одредени случаи.
- Ограничено време за индивидуална работа со секој ученик поради обемот на обврски на наставниците.

b. Какви (наставни/воннаставни) активности за меѓуетничка интеграција се спроведени изминатите две години? Како ја проценувате нивната ефективност?

- Заеднички часови и работилници на теми поврзани со толеранција, различности и човекови права;
- Проекти преку предметите (на пр. граѓанско образование, историја, уметност) каде учениците учествуваа во креативни активности поврзани со културни традиции и вредности;
- Воннаставни настани: литературни и уметнички конкурси, спортски натпревари, денови на култура.

Ефективноста на активностите се проценува како умерена до позитивна, особено кога има вклученост на ученици од различно етничко потекло, меѓутоа потребна е поголема доследност и проширување на ваквите активности.

c. Колку во спроведените активности соработувате со Комисијата за МИО при локалната самоуправа (доколку ваква комисија е формирана во општината)?

- Во случаите кога имало заеднички настани или јавни повици, училиштето се вклучувало преку учество во обуки, конкурси или организирање активности со поддршка од локалната самоуправа.
- Сепак, редовна и структуирана соработка сè уште не е воспоставена, а тоа би придонело за поголема видливост и одржливост на меѓуетничките иницијативи.

d. (доколку наставата се спроведува на два или повеќе наставни јазици) Како ги спроведува?

- Наставата во училиштето се спроведува на два наставни јазици, и во одделни паралелки.
- Во случаи на заеднички активности, наставниците обезбедуваат двојазична поддршка, или со посредство на ученици и наставници што зборуваат двата јазици.
- Во текот на наставниот процес, се почитуваат јазичните права на учениците, а кај

заедничките проекти се користи македонски и албански јазик, во согласност со договорот меѓу наставниците.

1.8 Како вообичаено оценуваат наставниците?

a. Какви критериуми за оценување користат? Како ги развиваат?

Наставниците користат критериуми за оценување кои се усогласени со наставните програми и очекуваните исходи од учењето. Критериумите се развиваат на ниво на стручни активи и се прецизираат во годишните и оперативните планови. Тие вклучуваат јасно дефинирани стандарди според кои се оценуваат знаењето, вештините, примената и напредокот на ученикот.

b. Какви методи, форми и инструменти за оценување се користат? Како се развиваат и унапредуваат?

Се применуваат различни методи и форми на оценување: усно и писмено испрашување, тестови, проекти, практични задачи, самооценување и взаемно оценување. Инструментите се развиваат од страна на наставниците, често со размена на искуства во рамки на стручните активи. Постојано се унапредуваат преку стручни обуки, анализа на резултати и прилагодување според потребите на учениците.

c. Колку од наставниците применуваат формативно оценување?

Сè поголем број наставници применуваат формативно оценување како алатка за следење на напредокот на учениците и насочување на учењето. Формативното оценување се применува преку давање насочени повратни информации, бележење на напредок, поставување прашања за размислување и вклучување на учениците во процесот на самооценување. Иако не е целосно застапено кај сите наставници, училиштето охрабрува и поддржува негово пошироко користење.

d. На кои начини родителите и учениците се запознаваат со критериумите за оценување?

Критериумите се претставуваат на почетокот на учебната година, преку часови на одделенска заедница, родителски средби и писмени известувања. Наставниците ги информираат учениците и родителите и при секое значајно оценување, за да имаат јасна слика за тоа што се очекува и како ќе се оценува.

e. Како информациите од оценувањето се користат во наставата?

Информациите добиени преку оценувањето се користат за приспособување на наставните методи, планирање на дополнителна поддршка за учениците, прилагодување на темпото на работа и идентификување области што бараат дополнително појаснување. Овие информации се основа за индивидуализиран пристап и подобрување на ефективноста на наставата.

1.9 Какви воннаставни активности се спроведуваат во училиштето?

Во училиштето, вклучително и подрачните училишта, се реализираат повеќе видови вонаставни активности со цел поттикнување на личниот и социјалниот развој на учениците. Се организираат спортски секции, драмска и ликовна група, еколошки акции, учество во хуманитарни и волонтерски иницијативи, литературен клуб, активности за одбележување значајни датуми, како и учество во натпревари и проекти. Со оглед на малата бројност на ученици (околу 200 во сите училишта), наставниците се главните носители на планирањето и организацијата на вонаставните активности.

a. Колку од учениците се вклучени во вонаставните активности?

Се стремиме кон вклучување на што е можно поголем број ученици. Поголемиот дел од учениците учествуваат во барем една вонаставна активност, а дел од нив се вклучени и во повеќе. Активностите се прилагодуваат според интересите, можностите и бројот на ученици во секое одделение и подрачно училиште.

b. Колку учениците се вклучени во планирањето на ВА?

Иако наставниците најчесто ги иницираат и планираат активностите, на учениците им се остава можност во текот на учебната година да предлагаат идеи и иницијативи. Преку разговори на часовите за одделенска заедница и преку ученичкиот парламент, учениците имаат можност да ги изразат своите интереси и предлози, кои наставниците потоа ги земаат предвид при реализација.

1.10 Колку учениците од вашето училиште учествуваат во натпревари? Како вообичаено се определуваат учениците кои ќе учествуваат во натпревари?

Учениците од нашето училиште редовно учествуваат на училишни, општински и регионални натпревари по различни предмети, како и на спортски и уметнички манифестации. Со оглед на вкупниот број на ученици (околу 200, вклучувајќи ги и подрачните училишта), процентуално значителен број ученици се вклучени во некаков облик на натпреварувачки активности.
Одредувањето на учениците што ќе учествуваат во натпревари се врши врз основа на:

- нивниот континуиран успех и интерес во одреден предмет или област;
- постигнатите резултати на интерни проверки и селекциски активности во рамките на наставата;
- препораки од предметните наставници;
- мотивацијата и желбата на учениците за учество.

Подрачје 2

2.1 Дали училиштето прибира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди?

Да, училиштето систематски прибира и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, за сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди. Овие податоци се добиваат преку редовна анализа на оценките.

a. Што покажуваат податоците?

Разлики во постигањата според полот, при што во некои предмети (на пр. јазици) девојчињата имаат повисоки постигања, додека во други (на пр. математика и природни науки) момчињата може да имаат посилни резултати.
Идентификување на предмети со генерално пониски постигања, без оглед на пол или јазик, што сигнализира потреба од подобрување на наставниот процес,

b. Како постапувате по наодите? Што се презема за подобрување на евентуалните недостатоци (на пр. ниски постигања по одпределни предмети)

Училиштето презема низа активности, како:
Дополнителна настава и поддршка за учениците со пониски постигања.
Соработка со родителите и нивно информирање за постигањата на учениците.
Следење на напредокот на учениците со пониски постигања.
2.2. Доколку училиштето било вклучено во државно тестирање/меѓународни оценувања, колку сте задоволни резултатите? (доколку постигањата на ниво на училиште се ниски), Што планирате да преземете?
Анализата покажа дека постигањата на учениците се просечни до подпросечни во одредени области, особено во природно-математичките предмети и читање со разбирање. Споредбата со националниот просек покажува дека има простор за значително подобрување, особено во примената на знаењето и аналитичкото размислување.

- анализа на резултатите – со цел идентификување на слабости на ниво на одделенија, предмети и наставни стратегии.
- Јакнење на капацитетите на наставниот кадар – преку обуки за современи и интерактивни наставни методи, особено насочени кон развој на критичко мислење и решавање проблеми.
- Активна комуникација со родителите – заедничко следење на напредокот и вклучување во процесот на поддршка.
- Промоција на читателска писменост и практични задачи во наставата – како клучни сегменти во меѓународните тестирања.
- Менторска и дополнителна настава – за учениците со најслаби резултати, преку персонализирани пристапи и индивидуални планови за учење.

2.3. Кои се прецедурите за идентификување на ученици со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со попреченост? Каква подршка добиваат учениците за подобрување на постигањата
Во училиштето постојат јасно дефинирани процедури за идентификување и поддршка на ученици со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со попреченост, во согласност со законската регулатива и насоките од Бирото за развој на образованието и МОН.

- Рана идентификација од страна на одделенски/предметен наставник преку набљудување и анализа на ученичките постигања.
- Соработка со педагог во училиштето за проценка на когнитивни, емоционални и социјални фактори.
- Комуникација со родителите за добивање дополнителни информации и согласност за вклучување во поддршка.
- По потреба, упатување до стручни служби...

2.4. Колку сте задоволни од редовноста на учениците? Кои мерки се превземаат за учениците кои се нередовни?

Во целина, редовноста на учениците е на задоволително ниво, особено кај учениците од пониските одделенија. Сепак, се забележуваат одредени случаи на зголемено изостаноци кај дел од учениците, особено во повисоките одделенија и кај ученици кои имаат социјално-економски, семејни тешкотии, хронична болест.

За учениците со чести и/или неоправдани изостаноци, училиштето спроведува следниве мерки:

Редовно следење и евидентирање на изостаноци

- Користење на електронски дневник или писмени евиденции за секој ученик.
- Наставниците навремено ги пријавуваат учениците со прекумерни изостаноци до стручната служба.

Информирање и вклучување на родителите

- Повикување на родителите на разговор при појава на први знаци на нередовност.
- Давање препораки и заедничко договарање на активности за подобрување.

Разговори со ученикот

- Индивидуални разговори со педагог за утврдување на причините за нередовноста.
- Поддршка и мотивација за враќање во редовниот образовен тек.

Соработка со Центар за социјални работи или инспекциски служби

- Во случаи на сериозно и продолжено нередовно присуство, училиштето поднесува пријава до надлежните институции.

Целта на мерките не е казнување, туку поддршка и навремено реагирање за да се спречи предвремено напуштање на училиштето или влошување на успехот.

2.5. Како се спроведуваат советувањата на родители и ученици? Како би ги процениле ефектите од советувањата врз подобрување на редовноста, успехот и однесувањето?

Советувањето на родители и ученици во училиштето се спроведува систематски, планирано и индивидуално, со вклученост на педагошко-психолошката служба, одделенски и предметни наставници.

- Подобрување на редовноста: намалување на неоправдани изостаноци по спроведено советување.
- Подобрување на успехот: напредок во оценките или пораст на ангажираноста на ученикот.
- Подобрување на однесувањето: помал број забелешки, подобра комуникација со наставниците и врсниците.
- Поголема вклученост на родителите: редовно доаѓање на средби, соработка и спроведување на заеднички договори.

Следењето се врши преку интерни евиденции, анализи на случај и редовна комуникација меѓу стручната служба и наставниците.

Само кај двајца ученици нема подобрување на редовноста и успехот и тоа:

1. Ученик со хронична болест – дијабетес тип 1

- Ученикот ретко присуствува на настава поради здравствени причини поврзани со хроничната состојба.
- Одржани се разговори со родителите, стручната служба и наставниците.
- И покрај комуникацијата со родителот, редовноста и натаму е ниска, а сето тоа се одрзува и на успехот на ученикот.

2. Ученик со одбивање да посетува настава (немедицински причини)

- Ученикот не покажува волја да доаѓа на училиште, без оправдани причини.

- Одржани се повеќе разговори со родителите од страна на стручната служба и класниот раководител.
- Родителот е информиран за законските обврски и можните последици од продолжено отсуство.
- И покрај напорите, не е постигнато подобрување во присуството.
- Училиштето ги има информирано навремено надлежните институции (ЦСР, Државен просветен инспекторат), но нема подобрување во редовноста, а сето тоа влијае и врз успехот на ученикот.

Подрачје 3

3.1. По што е препознатливо вашето училиште во локалната средина?
Нашето училиште е препознатливо по квалитетното образование, инклузивниот пристап, активната соработка со локалната заедница и посветеноста на наставниците кон целосен развој на учениците. Посебно се истакнуваме по:

- Активно учество на ученици во натпревари и проекти на локално и национално ниво.
- Развивање на еколошка свест и вклученост во проекти за заштита на животната средина.
- Градење на инклузивна и поддржувачка училишна клима, каде секој ученик е прифатен и вреднуван.

a. Како ги промовирате постигањата?

Постигањата на учениците и училиштето ги промовираме преку:

- Објава на веб-страницата и социјалните мрежи (Facebook, Instagram) со фотографии, извештаи и видео-материјали.
- Соработка со локални медиуми, кои известуваат за награди, проекти, настани и успешни приказни.
- Информативни табли во училиштето, на кои редовно се изложуваат постигнувања, дипломи, благодарници и креативни ученички трудови.
- Организирање свечени настани приредби и отворени денови, каде родителите и заедницата можат директно да се запознаат со резултатите и работата на учениците.

b. Со какви воннаставни активности се афирмирате?

Нашето училиште се афирмира преку богата понуда на воннаставни активности кои го поттикнуваат талентот, соработката и личниот развој:

- Креативни работилници (цртање, ракотворби, фотографија)
- Драмска секција, училишен хор и оркестар која настапува на училишни манифестации
- Клуб на читатели и рецитатори
- Еко-секции и волонтерски акции за разубавување на училишниот двор и подигање на еколошка свест
- Спортски натпревари и училишни турнири
- Проектни активности во соработка со невладини организации и меѓународни програми, мултиетнички проекти и проекти за меѓуетничка интеграција.

3.2. Кога и на кој начин е донесен Кодексот на однесување на училиштето?
Кодексот на однесување е донесен во _________година на седница на Училишниот одбор, врз основа на претходна широка консултација со сите засегнати страни. Процесот вклучуваше:

- Преглед на постојната состојба и потребите во училиштето
- Собирање мислења од наставници, ученици и родители
- Усогласување со законската рамка (Закон за основно образование и правилниците)

Кодексот е достапен на видно место во училиштето и електронски, и служи како основа за градење на позитивна училишна клима.

a. Кој сè учествувал во процесот? Дали се практикува ажурирање на содржината на Кодексот?

Во изработката и донесувањето на Кодексот учествуваа:

- Наставничкиот совет
- Стручната служба (педагог)
- Претставници на родителите (Совет на родители)
- Претставници на учениците (ученичка заедница)
- Училишниот одбор

Кодексот се ажурира секои 2-3 години или по потреба, врз основа на искуства од пракса и нови околности.. Ажурирањето се врши транспарентно, со повторно вклучување на сите чинители.

b. Колку различните чинители се придржуваат на поставените правила и кои се последиците од непридржување?

Поголемиот дел од наставниците, учениците и родителите ги почитуваат правилата, особено во делот на меѓусебна почит, безбедност и редовна комуникација. Кодексот помага во навремено решавање на конфликти, недоразбирања и спречување на насилно или деструктивно однесување. Во случаи на прекршување на Кодексот, се преземаат мерки, во согласност со пропишаните процедури.

3.3. Како би ја опишале генералната клима во училиштето?
Генералната клима во училиштето може да се опише како пријателска, соработкачка и безбедна, со континуирана заложба за создавање инклузивна и мотивирачка средина за сите ученици и вработени. Училиштето вложува во развој на меѓучовечки односи, почит, доверба и отворена комуникација.

a. Како ја проценувата соработката помеѓу кадарот?

Соработката помеѓу наставниот и стручниот кадар е солидна и професионална. Се карактеризира со:

- Споделување на добри практики и идеи
- Поддршка меѓу колеги при наставен процес и воспитна работа
- Тимска работа во планирање на активности и настани
- Отворена комуникација при решавање на проблеми

b. Колку, според вас, во училиштето се застапени закани, говор на омраза, провокации, навреди и сл.? Како се постапува по истите?

Такви појави се ретки, но не се целосно исклучени, особено меѓу ученици од различни возрасти или преку социјалните мрежи. Најчести форми се: провокации и вербални навреди, повремени конфликти меѓу врсници.
Училиштето веднаш реагира при појава на: закани или говор на омраза, дигитално насилство (cyberbullying), навредливо однесување по друга основа.
Училиштето постапува така што стручната служба води разговори и медијација, се повикуваат родителите на разговор, активности за превенција преку едукација.

c. Колку средината е поттикнувачка за учениците?

Средината е генерално позитивна и поттикнувачка:

- Наставниците охрабруваат креативност, самостојност и критичко размислување.
- Учениците се вклучуваат во разни активности и проекти
- Постои поддршка за ученици со посебни образовни потреби или тешкотии во учењето.
- Достапна е стручна помош при потреба.

Во учебната 2024/2025 година година во училиштето се подобрени условите за работа благодарени на значајни донации од општествено одговорни компании во вид на ИТ опрема и тоа:

- Смарт табла и опремување на медиотеката со 8 компјутери ( кое училиштето ги набива од сопствената сметка)
- 10 компјутери за кабинетотот по информатика;
- 14 компјутери во ПУ Ложани;
- 8 компјутери во ПУ Мороишта;

- 4 Смарт телевизори;

d. Каква е работната дисциплина за време и надвор од часовите?

Работната дисциплина е на задоволително ниво:

- Наставниците редовно ги спроведуваат часовите и водат евиденција
- Учениците во најголем број случаи се дисциплинирани и активни на час
- Надвор од часовите, учениците се потсетуваат за правилно однесување во ходници, двор и за време на одмори

При појава на нарушување:

- Се интервенира со разговор, забелешки и вклучување на родителите
- Стручната служба води континуирани активности за едукација и превенција

3.5. Како функционира Ученичкиот парламент и Ученикот правобранител?
Ученичкиот парламент е организација која ги претставува интересите на учениците и има за цел да овозможи активно вклучување во училиштето, да работи на развој на ученичката демократија и да претставува платформата за изразување на нивните идеи, потреби и проблеми.
Ученикот правобранител е индивидуален претставник кој има за задача да се залага за правата на учениците и да биде врска помеѓу учениците и училиштето.

a. Какви активности спроведуваат?

Ученичкиот парламент спроведува различни активности кои се однесуваат на:

- Организација на настани и активности (празници, хуманитарни акции, спортски и културни настани);
- Изразување на ученичките ставови и предлози за подобрување на училиштето;

Ученикот правобранител:

- Представува и штити правата на учениците во училиштето
- Остварува редовни средби со ученичкиот парламент и наставниците за да ги адресира проблемите на учениците

b. Колку ученичкиот парламент се поканува и присуствува на состаноците на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и Советот на родители?

Ученичкиот парламент се поканува на важни состаноци доколку училиштето процени дека е од суштинско значење за учениците.

c. Колку учениците се обраќаат до Ученичкиот правобранител и за кои теми?

Ретко. Конфликти со врсници, насилство и дискриминација или неправда.

3.6. Како училиштето ја поттикнува соработката со родителите? \
Училиштето игра клучна улога во поттикнувањето на соработката со родителите, бидејќи партнерството меѓу семејството и образовната институција позитивно влијае на развојот и успехот на учениците.

a. Наведете примери на активности и резултати од истите.

Преку родителски средби, состаноци со советот на родители, заеднички култруно – уметнички и спортски настани, базари,

b. Примери на подджани иницијативи на родителите.

Иницијатива за реновирање на училишен двор и училници. Во ПУ Ложани учлиниците родител помогна во бојадисување на училниците. Во ПУ Биџево училишниот дворот се одржува со помош на родител.

3.7. Како училиштето соработува со заедницата?
Соработката со заедницата е клучна за градење отворено, инклузивно и поддржувачко училишно опкружување. Преку различни активности, училиштето може да ги вклучи локалните институции, организации, фирми и поединци со цел подобрување на образовниот процес и градење активни граѓани.

a. Наведете примери на активности и резултати од истите.

Соработка со јавни служби (Црвен крст, противпожарна единица, МВР).

- Со Црвениот крст: Организирани се едукативни работилници за прва помош и хуманитарни акции (донаторски кампањи, собирање облека и храна за семејства во социјален ризик). Резултат: Зголемена хуманост кај учениците и активно учество во доброволни активности.

- Со противпожарната единица: Спроведени се симулации за евакуација и едукативни предавања за спречување пожари. Резултат: Учениците се запознаени со процедурите за безбедност и знаат како да реагираат во итни ситуации.
- Со МВР: Одржани се предавања за, безбедност на интернет и спречување на врсничко насилство. Резултат: Зголемена свест кај учениците за личната безбедност и одговорно однесување.

3.8. Колку често во училиштето се реализираат работилници со теми поврзани со заштита од пушење,алкохол и дрога? Како ги проценувате ефектите?
Во учебната 2024/2025 година е спроведена анктета на теми поврзани со заштита од пушење од страна на Центарот за Јавно здравје. Тековно за време на одделеснкиот час и слободни ученички активности во училиштето се реализираат најмалку 2 до 3 работилници по одделение на теми поврзани со заштита од пушење, алкохол и дрога.
Забележано е зголемено ниво на информираност и развој на критички став кај учениците кон штетните навики.
3.9. Што презема училиштето за (1) запознавање и почитување на правата на децата? За (2) промовирање еднаков и правичен третман кон сите ученици? За (3) превенција и заштита од насилство?
Училиштето организира редовни едукативни часови и работилници посветени на Конвенцијата за правата на детето, преку соработка со стручната служба и невладини организации. Во наставата по граѓонско образование, како и на класни часови, редовно се обработуваат теми поврзани со правата и обврските на учениците. Учениците се вклучени во ученичка заедница каде отворено ги изразуваат своите ставови и идеи.
Се применува инклузивен пристап во наставата, а стручната служба активно следи и поддржува ученици од различни социјални и културни средини. Наставниците организираат активности кои промовираат различност, толеранција и меѓусебна почит.
Училиштето има воспоставен Протокол за постапување при насилство, а наставниците и учениците се запознаени со процедурите. Се реализираат активности против секаков вид на насилство.

a. Како ги проценувате ефектите од ваквите активности (на пр. намалување на дискриминација и стереотипизирање, намалување на поплаките на учениците и родителите, вклучување на учениците од маргинализирани/ранливи категории, намалување на случаите на насилство)

- Намалување на случаите на дискриминација и насилство;
- Поголема вклученост на ученици од маргинализирани категории во училишни активности;
- Подобрена меѓусебна комуникација и атмосфера во одделенијата;
- Намален број на поплаки од родители и ученици поврзани со неправичен третман.

3.10. Што презема училиштето за да им помогне на учениците од социјално-загрозени семејства?
Училиштето презема повеќе активности за поддршка на ученици од социјално-загрозени семејства, со цел да обезбеди еднакви можности за сите:
Идентификација и евиденција: Стручната служба (педагог) во соработка со класните раководители ги идентификува учениците кои имаат потреба од социјална поддршка.
Психосоцијална поддршка: Учениците добиваат индивидуална и групна психолошка поддршка, со цел да се подобри нивната самодоверба, мотивација и вклученост во наставниот процес.
Вклучување во воннаставни активности: Се поттикнува нивно учество во спортски, културни и уметнички активности без финансиски трошоци, за да се чувствуваат рамноправно со другите ученици.
3.11. Како училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава?
Редовна комуникација: Класните раководители и предметните наставници одржуваат постојана комуникација со родителите/старателите и со самиот ученик, со цел следење на неговата здравствена состојба и образовни потреби.
Дополнителна поддршка: По враќањето на ученикот, наставниците обезбедуваат дополнителна настава, консултации и оценување во договорен рок, за да се надомести пропуштеното.

3.12. Колку учениците се обраќаат до стручната служба во ситуации кога се соочуваат со проблем, се чувствуваат загрижени, тажни, лути и сл.? Дали училиштето спроведува активности за социо-емоционално учење? Дајте пример.
Учениците сè почесто се обраќаат до стручната служба (педагог), особено кога се соочуваат со емоционални тешкотии, конфликти со врсници, семејни проблеми или лични кризи. Отворениот пристап на стручната служба, доверливоста и достапноста придонесуваат за зголемување на нивната подготвеност да побараат помош. Дел од учениците самостојно доаѓаат, додека други се упатени од наставници или родители.
Да, училиштето реализира активности за развој на социо-емоционални вештини кај учениците. Преку класни часови, работилници и тематски денови се обработуваат теми како:

- препознавање и изразување на емоции,
- справување со стрес и анксиозност,
- развој на емпатија и тимска работа,
- решавање конфликти на ненасилен начин.

Се организира работилници каде учениците преку игри и симулации учат како да препознаат кога се тажни, лути или загрижени и како на здрав начин да го изразат тоа.
3.13. Како е организиран процесот на помагање на учениците и нивните родители за избор/продолжување на образованието?
Процесот на помагање на учениците и нивните родители при избор или продолжување на образованието е системски организиран и вклучува повеќе активности:

- Советување и информирање: Класните раководители ги информираат родителите и учениците од деветто одделение за образовните профили, можностите за упис во средно образование и критериумите за избор.
- По предметот иновации се реализираа „Кариерно насочување“ : Се спроведуваат работилници на тема *„Што сакам да бидам?“*, *„Кои се моите интереси и способности?“*, каде што учениците ги истражуваат своите кариерни опции и лични афинитети.
- Соработка со средни училишта: Во училиштето се организираат презентации од средни училишта, настани за промоција на образовни профили и посети на училишта, со цел учениците директно да се запознаат со условите и насоките.

Подрачје 4

4.1. Каква е соработката помеѓу директорот на училиштето и Училишниот одбор?
Соработката помеѓу директорот и Училишниот одбор е редовна, конструктивна и заснована на взаемна почит и транспарентност.
Директорот редовно го информира Одборот за сите важни прашања поврзани со функционирањето на училиштето, вклучувајќи ги:

- реализацијата на наставниот процес,
- финансиското работење,
- кадровски промени,
- инфраструктурни потреби,
- безбедноста и благосостојбата на учениците и вработените.

Седниците на Училишниот одбор се одржуваат согласно програмата за работа, а директорот подготвува извештаи и предлози за носење одлуки.
4.2. Како се одвива процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет во училиштето?
Процесот на градење политики и обезбедување квалитет се одвива преку колективно учество, систематско планирање и редовно следење и евалуација.

a. Кој учествува при развојното планирање? (наставници, родители, ученици, локална заедница)

Во развојното планирање се вклучени: Наставниците, педагогот, директорот, родителите, учениците.

b. Каква е соработката помеѓу различните чинители?

Соработката се одвива во позитивна и отворена атмосфера. Секој чинител има можност да даде придонес, да понуди решение или иницијатива.
4.3. Колку ефективно, според Вас, се користат ресурсите во училиштето (просторните

капацитети, материјалите за работа)? Со какви предизвици се справувате и како ги надминувате?
Ресурсите во училиштето се користат ефективно, со добра организација и рационално планирање. Просторните капацитети (училници, кабинетска настава, библиотека, медиотека, спортска сала) се користат согласно распоредот кој овозможува оптимално искористување во текот на наставниот ден. Материјалите за работа, како наставни средства, дидактички помагала и ИКТ опрема, се распоредени по кабинети и одделенија, и се редовно користат во наставниот процес за унапредување на квалитетот на наставата.
Предизвици:

- Недостаток на современа технолошка опрема во сите училници;
- Ограничен број на дидактички материјали за индивидуализирана настава;
- Потреба од подобрување на инфраструктурата, како што се енергетската ефикасност, тоалетите и дворното уредување.

Како ги надминуваме:
Најчесто преку проекти, донации, мал дел преку набавка од сопствената сметка и буџетската сметка. Подолг временски период училиштето секоја година добива донации од новогодишни пакетчиња за сите ученици.
Во учебната 2024/2025 година е воспоставена добра соработка со бизнис секторот и во училиштето се обезбдени значајни донации:

- Смарт табла ( донација преку проект за размена на ученици) и опремување на медиотеката со 8 компјутери ( кое училиштето ги набива од сопствената сметка)
- 10 компјутери и монитори за кабинетотот по информатика;
- 14 компјутери и монитори во ПУ Ложани;
- Пет канцелариски столови во ПУ Ложани.
- 8 компјутери и монитори во ПУ Мороишта;
- 4 Смарт телевизори;
- Донација за материјали и донација за поставаување на нови стански табли о автоматски осигурачи и катодни одводници за пренапон, инсталирана е опрема за заземјување во ПУ Биџево. Исто така со помош на донација саниран е таванскиот дел во ходникот и тоалетите во ПУ Биџево.
- Во ПУ Ложани со помош на донација: набавени и поставени се пет современи клима-уреди, од кои еден е со капацитет од 7.5 kW, еден со капацитет од 3.5 kW и три со капацитет од 5.5 kW. Со помош на донација набавени се материјали и поставена е целосно нова електрична инсталација во училиштето по сите стандарди. Внатрешниот дел од училиштете (училниците и годниците се целосно варосани). Училиштето обезбеди модерно и штедливо осветлување за училниците, ходникот , тоалетите и училишниот двор. Исто така со помош на донација училиштето доби нова косилка за трева.
- Донација на две безжични камери за ПУ Ложани и ПУ Мороишта.
- Донација од 500 литри на екстра лесно гориво.
- Донација за 20тина лектири за потребата на билбиотеката
- Донација од 40 USB Wireless адаптери, 5 рутери, хдми приклучоци за сите компјутери.
- Со помош на донација набавена се материјали за поставуње на пристапна рампа за лица со попреченост на влезот од централното училиште

Во учебната 2023/204 обезбедени се следните донации:

- Во ПУ Мороишта од Агенцијата за млади и спорт добиени се две табли и обрачи за за кош, материјалите за нивно поставување се обезбедени од донација, додека монтирањето е обезбедено од страна на жители од с. Мороишта.
- Во ПУ Мороишта со помош на донација обезбедени се материјали за санирање на портата и врата на влезот од училиштето. Додека поставувањето во вид на обезбедено од жител од с. Мороишта.
- Со помош на сопствени средства во централното училиште бојадисани се училишните холови.

Реконструкција на ПУ Мороишта во 2023 година на надворешната фасада, поставување на ПВЦ прозори и надворешна врата. Средствата се обезбедени од Центарот за развој на југозападен плански регион во рамки на проектот „Подобрена енергетска ефикасност во ЈЗПР и искористување на ОИЕ“.

4.4. Како се одвива процесот на планирање и обезбедување на потрошен материјал за реализација на наставата и вонnаставните активности (на пр. колку родителите се ангажирани за обезбедување, колку училиштето)? Кои се предизвиците и како се надминуваат?

Процесот на планирање и обезбедување на потрошен материјал за наставата и вонnаставните активности се одвива преку годишно планирање. Училиштето и покрај, во рамки на своите финансиски можности, обезбедува голем дел од основниот потрошен материјал.

Родителите се вклучуваат доброволно во одредени случаи – особено кога станува збор за специфични наставни проекти, приредби, базари, ликовни и еко-акции.

Предизвици:

- Ограничени финансиски средства на училиштето;
- Разлики во можностите на родителите да придонесат.

Како се надминуваат:

- Преку рационално користење на расположливите материјали;
- Организирање на училишни акции и донаторски иницијативи;
- Аплицирање на проекти и соработка со невладини организации и локални фирми;

4.5. Со какви предизвици се справувате за обезбедување соодветен наставен кадар и стручни соработници?

Обезбедувањето соодветен наставен кадар и стручни соработници претставува значаен предизвик. Во овој момент во училиштето сите наставниците и вработени се соодветни.

4.6. Како е организиран процесот на професионален развој на кадарот? Како се спроведува кариерното напредување?

Процесот на професионален развој на кадарот во училиштето е организиран систематски и се реализира преку различни форми: стручни активи, семинари, обуки, самостојно усовршување, учество во проекти и размена на добри практики. Секоја учебна година, наставниците се охрабруваат да изработат индивидуални планови за професионален развој, согласно со личните потреби, училиштниот развоен план и приоритетите на наставата.

Кариерното напредување се спроведува во согласност со законските одредби и Правилникот за напредување на наставниот кадар.

Директорот и стручната служба имаат поддржувачка улога во процесот – обезбедуваат информации, охрабруваат учество во обуки и водат евиденција за реализирани активности.

Овој процес придонесува за зголемување на мотивацијата, професионалноста и квалитетот на наставниот процес.

4.7. Дали училиштето има воспоставени механизми за пофалување/наградување на наставниците кои дополнително се ангажираат преку професионален развој, внесување иновации во работата, постигнување резултати со учениците? Ако да, кои се механизмите?

Да, училиштето има воспоставено одредени механизми за препознавање и пофалување на наставниците кои покажуваат посебна ангажираност, вложуваат во својот професионален развој, применуваат иновативни пристапи и постигнуваат видливи резултати со учениците.

Овие механизми вклучуваат:

- Јавно пофалување на наставници на наставнички совети, родителски средби и училишни настани;
- Запишување на успесите и ангажманот во службената евиденција на наставникот, што се зема предвид при годишна евалуација и кариерно напредување;
- Предложување на наставници за учество во натпревари, стручни конференции и манифестации на општинско, регионално и државно ниво;
- Вклучување на истакнатите наставници како ментори за новоработени колеги или во проекти;
- Охрабрување и поддршка при аплицирање за звања (ментор, советник) или за стручни обуки од повисоко ниво.

Иако нема формален фонд за материјални награди, училиштето настојува да создаде позитивна средина каде што трудот и посветеноста се ценат и мотивираат.

4.8. Како се одвива процесот на следење на квалитетот на реализација на наставата?

a. Кој следи?

Следењето на квалитетот на реализацијата на наставата го вршат директорот на училиштето и стручната служба (педагог), а по потреба и надворешни стручни лица при евалуации и надзори.

b. Честота на следење.

Следењето на часовите се реализира според годишен план за следење (четри пати во текото на годината), кој опфаќа сите наставници најмалку еднаш годишно. Покрај планираните, се вршат и вонредни посети, особено при потреба од поддршка или усогласување со нови барања.

c. Процес на давање повратна информација.

По следењето на часот, се организира индивидуален разговор со наставникот, при што се даваат конструктивни повратни информации во однос на силните страни, простор за унапредување и конкретни предлози.

d. Усогласување на планирањето/наставата со дадените препораки.

Наставниците се поттикнуваат да ги прифатат препораките како можност за подобрување. Се следи дали препораките се применети при следната посета, а наставниците имаат можност за дополнителна поддршка од стручната служба или преку вклучување во стручни активи, обуки или менторство.

Овој процес е насочен кон континуирано унапредување на наставната пракса и обезбедување поквалитетно образование за сите ученици.

4.9. На кои начини се споделуваат информации со засегнатите страни за:

a. Резултатите кои треба да се постигнат со развојната програма

Информациите за целите и очекуваните резултати од развојната програма се споделуваат со наставниците, родителите, учениците и локалната заедница преку:

- Наставнички совети и стручни активи, каде се дискутираат приоритетите и активностите;
- Родителски средби;
- Училишниот вебсајт, училишната фан страна, огласна табла и информативни брошури, каде редовно се објавуваат информации за активностите, постигнувањата и следните чекори;
- Вклучување на учениците преку училишниот парламент и часовите на одделенска заедница.

b. Користењето на буџетот на училиштето

Информации за користењето на буџетските средства се споделуваат:

- На состаноци на Училишниот одбор, каде директорот поднесува извештај за намената и реализацијата на средствата;
- Со наставниот кадар преку годишните и полугодишните извештаи и дискусии на наставнички совети;
- Со родителите – преку претставници во училишниот одбор или при посебни средби кога има значајни буџетски одлуки (на пр. реконструкции, донации, проекти);
- Со локалната самоуправа – како основач на училиштето, редовно се комуницира за буџетските потреби, реализација и планирање.

Овие механизми обезбедуваат транспарентност, доверба и вклученост на сите засегнати страни во развојот на училиштето.

Педагог: Катерина Спасеска
Директор: Мирослав Размоски

# Записник од одржан состанок со фокус група родители на ден 11.04.2025 год.

Родителите зедоа учество во дискусија за квалитетот на работата на училиштето, која се спроведува во рамки на самоевалуација на училиштето.
Во прилог следуваат размислувањата на родителите за секое од поставените прашања.

1. Родителите се изјаснија дека учениците даваат позитивни одговори за наставата и активностите во училиштето.
2. А) Родителите сметаат дека наставниците успешно ја прилагодуваат наставата, и дека не е секогаш во прашање нивниот пристап, туку и самите интереси на учениците.
   Б) Во предметна настава некои наставници не даваат можност за усно изразување, а би било добро и тоа да биде опција.
   В) Родителите се изјаснија дека е најдобро да се организира дополнителна настава пред тестови и испрашувања.
   Г) Сите родители се изјаснија дека дополнителната настава се организира редовно,особено во подрачното училиште во Мороишта,но и во централното, додека за подрачното во Ложани не се одржувало најредновно (можеби само последните седмици од овој период)
3. А) Родителите се изјаснија дека се редовно информирани за учениците преку телефонски повик.
   Б) За редовноста родителите се известени преку телефонски повик – навремено.
4. Учениците имале можност сами да избираат изборни предмети од понудените предмети.
5. Учениците сакаат активно да учествуваат во понудените активности (драмска секција, литература, историска,биолошка итн.)
6. Учениците учат од учебници и тетратки, и од интернет, само по предметот Англиски јазик немаат учебник.
7. Родителите сметаат дека поради работните обврски не можат да се вклучат активно во училишните активности, вклучени се во родителски средби за кои секогаш се навремено известени.
8. А) Учениците секогаш имаат можност да се обратат на класните, службите и сите останати.
   Б) Понекогаш се случуваат одредени видови насилство, но сметаат дека училиштето успешно се справува преку класните и службите.
9. А) Родителите тврдеа дека воопшто не добиваат информации, но претседателот на Совет на родителите тврди дека секогаш се навремено информирани.
   Б) Родителите тврдат дека редовно добиваат информации од страна на претседателот на Училишен одбор.
10. Родителите во целина се задоволни од работата на училиштето, само сметаат дека треба да имаат повеќе слобода за изразување, и имаа забелешки за мрежата во с.Ложани, која била во лоша состојба, како и за нередновото косење на тревата во с.Мороишта.

# Записник од одржан состанок со фокус група ученици на ден 14.04.2025 год.

Учениците зедоа учество во дискусија за квалитетот на работата на училиштето, која се спроведува во рамки на самоевалуација на училиштето.
Во прилог следуваат размислувања за секое од постравените прашања.

1. Учениците се изјаснија дека повеќето наставници користат методи и техники за интерактивност и со тоа тие се интересни, го истакнаа Историја: квизови, алатки за самопроверка на знаењата, и со тоа им се интересни содржините од предметот Историја.
- Најчесто учат од книги, учебници, печатени материјали, линкови од интернет.
- Учениците се изјаснаа дека слободно можат да се изразуваат , споделуваат мислења и да дискутираат со наставниците и учениците.
- По изборните предмети Нашата татковина и Техничко образвоание се изјаснаа дека многу пишуваат во текот на часот.
- Дисциплината е на солидно ниво, претежно се слушаат наставниците со незначителни отстапки кои се разрешуваат тековно.
- Во однос на отценувањето се изјаснија дека претежно се отценуваат преку тестови и таа оцена ја земаат за релевантна , повеќе да се даваат можности за усно изразување, како дискусии и дебати за содржините.
- Учениците се изјаснија дека не се сите подеднакво третирани од страна на наставниците во однос на отценувањето.

2. По однос на прашањето дали имаат можност да изберат самостаојно изборни предмети, се изјаснаа дека повеќето не можат слободно да бираат.
3. Вон наставни активности во училиштето има почесто како ученички натпревари, приредби и сл. Имаат можност да членуваат во секции: драмска, историска и билошка.
- Учениците се вклучени во нив по сопствен избор.

4. Учениците се запознаени со работата и активностите на ученичкиот парламент, во однос на улогата претседател на одделение, се чувствуваат дека немаат некоја важност и донесување одлуки.
5. Учениците се изјаснија дека се чувствуваат безбедно и сигурно на училиште.
- Почитувањето на правата на учениците делимично се изјаснаа дека им се почитуваат правата.
- Не се вклучени во составување на правилата за почитување, однесување во училиште, но ги почитуваат сите.

- Во однос на насилиството, психичко насилство има, кое се манифестира со навреди и несоодветни изрази од страна на некои од наставниците.Се известуваат класниот раководител и педагогот и се разрешува конфиктот.
- Кога имаат проблем учениците се обраќаат прво кај класните раководотели, а потоа кај педагогот за решавање на конфликтните ситоации и случаите на насилство.

## Записник од одржан состанок со фокус група наставници на ден 10.04.2025 год.

Наставниците зедоа учество во дискусија за квалитетот на работата на училиштето, која се спроведува во рамки на самоевалуација на училиштето.

1. Во однос на првото прашање,наставниците се изјаснија дека посетиле 2-3 семинари, организирани од училиштето.

   На второто прашање, наставниците ги посетиле обуките за насилство, ментроство, екологија, проектни активности, медиумска писменост.

   Третото прашање се однесува на споделување или дисеминација на посетени обуки, на кое наставниците потрдија дека се одржува дисеминација, смарт табла и насилство.

   Во однос на четвртото прашање, потребите и интересот на наставниците се основни критериуми за посета на обуки.
2. Планирање на наставата:
   - За ИОП се работи според насоките и водичот, во соработка со инклузивниот тим
   - За целокупното планирање постои соработка меѓу активите на наставниците, меѓусебна соработка со наставниците.
3. Отсуство на наставен кадар
   - Со замена и барање преку општина за подолго отсуство.
   - Ако нема стручен кадар во агенцијата за вработување, се зема посоодветен кадар.
4. Изборни предмети и слободни активности
   - Определени се според водичот за изборни предмети.
   - При избор на СИП се обрнува внимание на бројот на учениците,интересите на учениците, наставниците и материјалните услови на училиштето.
5. Опис на еден наставен час
   - Часот е планиран однапред, но некогаш спонтано се одвива, со реализирани стандарди и остварување на целите.
6. Опис на успешен час
   - Радоста и восликот на учениците кога не сакаат часот да заврши.
   - Практичен час на смарт табла или работа на компјутер за остварување на стандардите.
7. Планирање и спроведување на оценувањето
   - Активности, чек листи,повратни информации.

- Се планира и спроведува секојдневно.
- Најмалку четири пати во годината родителите се известени.

8. Воннаставни активности, вклученост на учениците.
   - Интересот на учениците, учество на спортски наптревари,учество во разни секции според интересот.
   - Во одделенска настава се вклучуваат сите ученици, а во предметна се одбираат според интересот и вољата на учениците.
   - Учениците не се вклучени во планирање на активностите, избираат од понудените.

9. Ученици со посебни образорвни потреби.

   Следењето на ваквите ученици од страна на наставниците се бележи, се предава во стручна служба, се дискутира на состаноци и совети.
   - Додатна и дополнителна настава се одржува според наставен план и однапред изготвен распоред.

10. Генерална клима во училиштето

    - Соработката помеѓу чинителите во училиштето е позитивна, има соработка и почит.
    - нема закани и навреди.

11. Запознавање и почитување на правата, превенција од насилство, правичен третман.
    - Работилници во наставни предмети, ОЖВ ,воннаставни активности, работилници за ментално здравје, медиумска писменот, мултиетнички работилници, фер плеј натпревари во Ф.З.О.

12. Соработка со родителите
    - Редовни и индивидуални средби, отворени денови, советување, приредби.
    - Реализирани барања (иницијатива) од страна на родителите.

13. Соработка со заедницата
    - Соработка со месна заедница за новогодишни пакетчиња.
    - Соработка со општествено одговорни компании.
    - Порта , кошеви, фарбање, косилка.

14. Планирање на развојните цели на училиштето.
    - Наставниците што не се вклучени во комисијата се информирани на совет или преку интернет страната на училиштето.

15. Планирање и обезбедување на потрошен материјал.
    - Во целост е на училиштето или наставниците.
    - Ученичкиот прибор го набавуваат родителите.

16. Ангажманот на наставниците што се вложуваат дополнително во професионалниот ангажман.
    - Пофалба,објава на социјалните медиуми, веб-портали и пофалници.

17. Следење на квалитетото на наставата

- Посета на час од педагог, директор, БРО советници,стручна служба.
- Стручна служба: 2-3 пати годишно.
- БРО – според нивната програма.

18. Кариерно напредување
    - Се е транспаретно, јавно.

**РЕЗУЛТАТИ ОД АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ**

## ПРОТОКОЛ ЗА АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ

**Протоколот за анализа на документи ни служи да констатираме дали документите постојат во училиштето или не без да навлегуваме во нивната содржина. За таа цел потребно е во табелата да пополните кој од документите ги има или нема.**

| Докумени | Го има | Го нема |
|---|---|---|
| Кодекс на однесување; | √ | |
| евиденција за изречени педагошки мерки; | √ | |
| статут на училиштето; | √ | |
| куќен ред на училиштето; | √ | |
| пофалби, награди, признанија и др.; | √ | |
| написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи; | √ | |
| решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител; | √ | |
| програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител; | √ | |
| досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи). | √ | |
| **Документи** | **Го има** | **Го нема** |
| Извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; | √ | |
| записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување); | √ | |
| структура на паралелките; | √ | |
| записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција; | √ | |
| дневникза работа на стручните соработници; | √ | |
| оперативен план за наставен час; | √ | |
| записници од наставнички совет; | √ | |
| Критериуми за избор на првенец на генерација | √ | |
| **ДОКУМЕНТИ** | **ГО ИМА** | **ГО НЕМА** |
| Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); | √ | |
| записници од советот на родители и родителскисредби; | √ | |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| статут на училиштето; интернет-страница на училиштето; | √ | |
| договори и меморандуми за соработка со општината и различни | √ | |

| | | |
|---|---|---|
| организации/институции; | | |
| извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница; | √ | |
| документација за добиени спонзорства и донации. | √ | |
| Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); | √ | |
| записници од советот на родители и родителскисредби; | √ | |
| **ДОКУМЕНТИ** | **ГО ИМА** | **ГО НЕМА** |
| Кодекс на однесување; | √ | |
| куќен ред на училиштето; | √ | |
| набљудување на условите во училиштето; | √ | |
| протокол за превенција и заштита од насилство; | √ | |
| анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработиници, родителите/старателите и со учениците; | √ | |
| педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; | √ | |
| записници од советувања; | √ | |
| извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; | √ | |
| анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници; педагошка евиденција и документација; | √ | |
| организирани трибини, дебати, предавањасо учениците, родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; | √ | |
| записници од спроведените активности за професионална ориентација. | √ | |

**ИЗВЕШТАЈ**
од самоевалуација на ООУ „Св. Климент Охридски“ - Драслајца, период 2025/2027 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ 161/2019, 229/2020, 3/25 и 74/25 година) Општинското основно училиште „Св. Климент Охридски“ - Драслајца, изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2025/2027 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 29.01.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Јованка Спасеска - претседател (одделенски наставник)
2. Катерина Спасеска - педагог
3. Златко Анѓелкоски - предметен наставник
4. Мирче Лазоровски - предметен наставник
5. Елизабета Спироска - родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот февруари - мај 2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | 1. Златко Анѓелкоски - координатор<br>2. Биљана Анѓелкоска Попоска<br>3. Весна Крстиновска Велоска<br>4. Мирјана Гоџо<br>5. Владо Ристовски<br>6. Албана Лена Мехмеди<br>7. Пеце Климоски |
| 2. Постигања на учениците | 1. Мирче Лазороски - координатор<br>2. Катерина Спасеска<br>3. Емилија Милошеска<br>4. Соња Милошеска<br>5. Гордана Наумоска<br>6. Африме Анруши<br>7. Злата Маџоска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | 1. Сања Котевска Клечкаровска<br>2. Надица Кочоска<br>3. Јулија Милошеска<br>4. Јован Белкоски<br>5. Рената Спироска<br>6. Даниела Карамачоска<br>7. Суејла Дрбач |
| 4. Управување и раководење | 1. Јованка Спасеска - координатор<br>2. Анета Балоска Наумоска<br>3. Александра Тренески<br>4. Нериманe Мах,уди<br>5. Марино Велоски<br>6. Јасмина Герасимоска<br>7. Фламур Таири |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет, советот на родители и УО одржана на 30.06.2025 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за дополнување на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи..<br><br>Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др. Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.<br><br>Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат |

еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Најголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите. Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП програма според препораките од МКФ. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Наставниците и стручните соработници се делумно обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Училиштето не располага со асистивна технологија. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, тоалетите се делумно приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно со нивните интереси. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби. ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. Училиштата што реализираат настава на повеќе наставни јазици, најголемиот број воннаставни активности ги реализираат со јазично хетерогени групи ученици. Има примери на организирани заеднички наставни часови со ученици кои наставата ја следат на различни наставни јазици, согласно со Упатството за организација на заеднички наставни часови.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците. Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на

поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.

Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба

Статистичкиот преглед редовно се реализира и презентира од страна на стручната служба пред наставниците на наставнички совет. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината ќе биде презентиран на крајот на учебната година

Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците.

Поголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности.

Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности.

Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

| **Силни страни** |
|---|
| Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи и како резултат на тоа се подобрени планирањата кај најголем број од наставниците<br><br>Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем.<br><br>Родителите и учениците се запознати со листата на изборни предмети и активности и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците<br><br>Задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.<br><br>На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.<br><br>Најголем дел од Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.<br><br>Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.<br><br>Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. |
| **Слаби страни**<br><br>Незначителен број од наставниците сметаат дека немаат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет.<br>Мал број од учниците не се согласуваат дека секое оценување е праведно.<br>Незначителен број од учениците и родителите не сметаат дека во училиштето има доволен избор на воннаставни активности и дека слободно по сопствен избор можат да се вклучат во истите. Исто така сметаат дека не се доволно вклучени во изготвувањето на планирањето на воннаставните активности. |

| **Приоритети** |
|---|
| Во делот со воннаставните активности засилено вклучување на учениците во изготвувањето на планот, како и креирање на активности кои се во согласност со нивните интереси.<br>Зголемување на активности во кои учениците ќе бидат вклучени во работилници со ученици од друга култура и друг наставен јазик . Засилување на соработката на ППС со наставниот кадат во поглед на изготвуањето на наставните планови и програми. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квартални периоди е многу добро. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квартален период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално ги разгледува постигањата од Акцискиот план. Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира. Учениците редовно земаат учество во сите организирани општински, регионални и државни натпревари, каде што постигнуваат одлични резултати. Учениците учествуваа на натпреварите по предметите: Италијански јазик (второ место на државно ниво), Хемија (трето место на државно ниво), Биологија (трето место на државно ниво) и Англиски јазик (обезбеди учество на регионален натпревар). Во 2025 година учениците од I до IX одделение учествуваа во меѓународниот математички натпревар ,,Кенгур 2025" каде што покажаа одлични резулати и логичко размислување.

Резултатите од екстерни тестирања делумно задоволуваат. Училиштето беше вклучено во меѓународно тестирање во 2023 година ТИМСС 2023 и учениците на ова тестирање немаа многу добри резултати. Споредбата со националниот просек покажува дека има простор за значително подобрување, особено во примената на знаењето и аналитичкото размислување. Резултатите добиени на државното тестирање,студиите/извештаите за меѓународни оценувања се анализираат и наставата се подобрува соодветно.

Во училиштето постојат јасно дефинирани процедури за идентификување и поддршка на ученици со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со попреченост, во согласност со законската регулатива и насоките од Бирото за развој на образованието и МОН. Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост е Многу добро. Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето треба има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби, во однос на поддршката во редовната настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето се покажува согласност и испитаниците се согласуваат дека училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици и постојано организира додатна настава за овие ученици.

Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава, но, кај помал дел од учениците се забележува одредени случаи на зголемени изостаноци особено во повисоките одделенија и кај учениците кои имаат социјално-економски, семејни тешкотии, хронична болест.

За учениците кои не се редовни на настава се превземаат педагошки мерки, се вршат советувања со учениците и нивните родители и доколку тоа не даде резултати се соработува со надворешни институции како што се Центар за

социјална работа, Министерство за внатрешни работи и локалната самоуправа (оддел за образование), ДПИ.

Советувањето на родители и ученици во училиштето се спроведува систематски, планирано и индивидуално, со вклученост на педагошката служба, одделенски и предметни наставници. Советување на родители/старатели и ученици - Советувањата на родителите се спроведуваат четири пати во текот на една учебна година (после секое тримесечје), после оддржување на одделенските совети. Учениците и родителите се советуваат доколку: ученикот има повеќе од три негативни оценки, има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци, ако учениците имаат недолично однесување. На родителите им се испраќаат покани, секој родител кој треба да присуствува на советувањето добива покана седум дена пред одржувањето на истото. Се изработуваат извештаи од советувањето кои ги добиваат и самите родители. Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.

Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава - Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето. Родителите се изјаснија дека е најдобро да се организира дополнителна настава пред тестови и испрашувања.

Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата.

**Силни страни**

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квартални периоди.

Учениците редовно земаат учество во сите организирани општински, регионални и државни натпревари, каде што постигнуваат одлични резултати.

Училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето.

Училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава.

Советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.

Во текот на целата година по сите предмети се организира дополнителна настава.

Родителите се изјаснија дека учениците даваат позитивни одговори за наставата и активностите во училиштето.

| |
|---|
| **Слаби страни**<br>Училиштето беше вклучено во меѓународно тестирање во 2023 година ТИМСС 2023 и учениците на ова тестирање немаа многу добри резултати.<br>На училиштето во учебната 2024/25 не му беше доделен образовен асистент, и не располага со психолог и дефектолог за учениците со посебни потреби.<br>Во екстерните тестирања, споредбата со националниот просек покажува дека има простор за значително подобрување, особено во примената на знаењето и аналитичкото размислување.<br><br>Дел од наставниците во едно од подрачните училишта не секогаш одржуваат дополнителна настава. |
| **Приоритети**<br>Со учениците да се работи во насока на развивање и поттикнување на критичкото размислување како и развивање на повисоките когнитивни домени и истражувачки вештини. Наставниците да ги планираат часовите со повеќе интерактивни активности во насока на поттикнување на креативното размислување кај учениците, примена на различни перспективи во реализација на наставните содржини, давање можности за откривање различни решенија на дадени задачи од наставната содржина. Редовно да ги одржуваат часовите за дополнителна и додатна настава. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме**

Имиџот на училиштето, неговата слика, како и климата и културата во него, се одлични и претставуваат синоним за училиштето, како и за неговата афирмација на локално, национално и меѓународно ниво. Во училиштето се истакнати кодекси на однесување и куќен ред, на кои се придржуваат сите вклучени страни. Наставниците, стручната служба, учениците и родителите водат грижа за дисциплината и однесувањето на учениците. Постојано се води педагошка евиденција и документација, како и записници и извештаи за управување со различни ситуации во текот на работата на стручната служба. Учениците имаат ученички парламент и активно учествуваат во донесувањето на одлуки и решавање на проблеми. Тие имаат и ученички правобранител и редовно учествуваат во активности според програмата што е доставена за работа. Во училиштето се почитуваат правата на децата, а наставниците имаат соодветни активности, како наставни, така и воннаставни, со кои учениците се запознаваат со своите права и обврски, а исто така и родителите. Училиштето гарантира еднаков третман на сите ученици и обезбедува правичност и еднаквост, со ист пристап за сите ученици. Училиштето и наставниците имаат постојана и продуктивна соработка со родителите и старателите на учениците, кои активно учествуваат во училиштниот живот и во работата на училиштето. Покрај тоа, училиштето има активна соработка со локалната заедница, институции, невладини организации и акредитирани организации кои ја следат работата на училиштето, донираат соодветна опрема или обезбедуваат интелектуални услуги. Редовно се организираат предавања, едукации и се реализираат наставни и воннаставни активности за превенција и справување со врсничко насилство. Во соработка со локалната средина и надлежните институции, се организираат трибини и настани за заштита од дрога, алкохол и пушење, како и за заштита и превенција од заразни болести, квалитетот на храната и здрава исхрана. Во училиштето се спроведуваат редовни санитарни и систематски прегледи за наставниците и учениците. Педагошко-психолошката служба редовно води евиденција и документација во согласност со потребите на учениците, постојано комуницира со наставниците и родителите за справување со социо-емоционалните проблеми на учениците и на тој начин води грижа за нивното ментално здравје. Во соработка со учениците, наставниците и родителите, ППС обезбедува поддршка и насочување за продолжување на образованието на учениците.

**Силни страни**

- Училиштето има позитивна клима.
- Училиштето има кодески за однесување и куќен ред со кој се запознати учениците, наставниците, родителите и сите засегнати страни.
- Училиштето има детски парламент.
- Училиштето има ученик правобранител.
- Училиштето има соодветна евиденција и документација за дисциплина, однесување, формирање на соодветни тела, учетво и донесување на одлуки од страна на учениците.
- Училиштето има активна соработка со родителите.
- Училиштето има активна соработка со локалната заедница.
- Училиштето е афирмирано и постојано застапено во локалните и националните медиуми.
- Училиштето има еднаков и правичен пристап кон сите ученици.
- Училиштето организира работилници, едукација и наставни и воннаставни активности за превенција од насилството.
- Училиштето организира предавања, самостојно и во соработка со организации и институции во врска со превенција и заштита од пушење, дрога и алкохол.
- Училиштето води грижа за здравјето на  учениците и наставниците.
- Училиштето води грижа за социо-емоционалната состојба и менталното здравје на учениците.

**Слаби страни**

– Училиштето не е транспарентно во однос на буџетот, односно вработените и родителите не се доволно информирани во врска со финансиските средства со кои училиштето располага.

**Приоритети**

- Редовно да се објавува буџетот на училиштето со цел вработените и родителите да бидат информирани за финансиските средства со кои раководството располага.

| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Во текот на самоевалуацискиот период, беше утврдено дека училиштето има воспоставени основни механизми за управување и раководење.<br>Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Најголем број од родителите (40,6 %) се согласуваат дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.<br>Раководниот орган - директорот, има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Ја извршува својата функција во согласност со законската регулатива и се стреми кон инклузивен пристап при донесување одлуки. Наставниот кадар е вклучен во процесите преку активна работа на стручните активи, комисии и тимови а учениците и родителите се информирани за одлуките преку родителски средби, известувања на социјалните медиуми, локални портали и советувања**.** Работи тимски при процесот на креирање политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште, редовно и транспарентно. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри.<br>Најголем дел од наставниците 51,5 % се изјасниле дека училиштето многу добро планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.<br>Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.<br>Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручнен соработник педагог. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Обезбедувањето на наставен кадар е многу добро. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси.<br>Програмата за професионален развој на наставниците и стручните |

соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж, за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.

Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели, план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.

Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

**Силни страни**

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри. Училиштето бележи значителен напредок во однос на техничката и материјалната опременост, што директно придонесува за подобрување на наставниот процес и административната ефикасност. Оваа технолошка надградба овозможува современ и интерактивен пристап во наставата, подобра интернет-поврзаност, зголемена безбедност и поефикасно одржување на училишната средина

Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Најголем дел од родителите сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика.

| |
|---|
| **Слаби страни**<br>Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците<br>Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот. |
| **Приоритети**<br>Ревидирање на Правилникот за оддавање признанија на наставниците и негова примена.<br>Откривање на начин на информирање на сите чинители во училиштето за тоа како се троши буџетот.<br>Преземање мерки и активности за санирање на кровот во централното училиште.<br>Преземање на мерки и активности на училиштето за подобрување на енергетската ефикасност на училишните зграда во централното и подрачните училишта. |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето:**

- ✓ **Едукација на наставниците за работа со уреди од асистивна технологија, со што квалитетот на својата работа како наставници би ја подигнале на едно повисоко ниво.**
- ✓ **Формирање фонд на награди за учениците кои постигнале исклучителни резултати, со цел да се мотиваат и поттикнат за идни успеси.**
- ✓ **Реновирање на кровот и поставување фотоволтаични панели кровот од училишната зграда во централното училиште, со цел да се осовременат и да се подобрат условите за работа и да се заштедат финансиски средства.**
- ✓ **Реконструкција на санитарните јазли со нови плочки и санитарна опрема во централното училиште, ПУ Мороишта, ПУ Ложани, да се осовременат и да се подобрат хигиенските услови за учениците и вработените.**
- ✓ **Опремување на училници со ИКТ средства за осовременување на наставата, останати нагледни средства. Замена на столарија во училниците како и канцелариски столчиња за наставниот кадар во кабинетите, во најголем дел би придонесле за квалитетот на наставата да биде на највисоко можно ниво.**

- ✓ **Обновување на внатрешниот дел од училишната зграда (ѕидови и тавани) со термоизолација, заштедата на енергијата да биде на високо ниво.**
- ✓ **Промена на подот во училишната зграда во централното училиште, со цел да се подобрат хигиенските услови, безбедноста на учениците и вработените, естетскиот аспект, но и да се заштеди топлотна енергија.**
- ✓ **Промена на котлите за парно на нафта и поправка на постојните радијатори, училиштето ќе заштеди поголеми финансиски средства и поголема топлотна енергија.**
- ✓ **Обучување на наставниот кадар за комплетна имплементација во процесот на инклузија, екипирање на стручни профили кои се неопходни за непречено функционирање на инклузивниот процес.**
- ✓ **Дополнување на книжниот фонд во библиотеката со нови лектирни изданија, со цел истражување и проширување на знаењето.**

**Комисија за спроведување на СЕУ:**

1. Јованка Спасеска - претседател (одделенски наставник)
2. Катерина Спасеска - педагог
3. Златко Анѓелкоски - предметен наставник
4. Мирче Лазороски - предметен наставник
5. Елизабета Спироска - родител